## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 мај 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,41 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрин Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Зоран Витанов, Валентина Божиновска, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Фијат Цаноски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собаранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Четврта точка - Предлог на закон за рамномерен регионален развој.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 5 за менување на став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Ацо Киров, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска Ѓеоргиевска, Игор Ивановски, Верица Филипова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам службите уште еднаш да достават точен број на присутност на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Од 69 присутни пратеници, гласале 60. За гласале 15, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за менување на став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Влатко Серафимов, Никола Ќуркчиев, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓеоргиевска, Благородна Цветковска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа затоа што заложбите од страна на пратениците во амандман кој го поднесоа до Собранието ги има веќе во член 6 од Законот кој е пред вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Овој амандман јас и колегите го поднесовме од причини што еден регион знаеме дека опфаќа повеќе општини и е поширок поим, бидејќи во една општина може да преовладува земјоделието, во друга да преовладуваат културно - историските знаменитости, туризмот и така натаму. Затоа со колегите го предложивме овој амандман за да имаме поефикасно делување во одредени сфери во одреден регион или со овој амандман се предлага да се формираат како посебни региони или подрегиони кои ќе се концентрираат во одредена област. Овде имаме утврдено неколку региони само така нафрлани за да имаме прегледност, економски, земјоделски, културно-историски, туристички региони итн. Тоа е од причини што како што реков на почетокот во еден регион да имаме повеќе од овие области кои преовладуваат во одредена општина.

Значи поефикасно да биде за да не дојде до незаангажираност, незаинтересираност од регионот према одредена област која се наоѓа во одредена општина, го предлагаме амандманот за формирање на овие потплански региони кои според нас ќе бидат многу поефикасни ако функционираат посебно во одредена област.

Под став 3 вели дека во рамките на планските региони може да се утврдуваат потесни подрегиони, економски, земјоделски, културно-историски, туристички региони. Со овој амандман исто така предлагаме овие потесни економски земјоделски, културно-историски, туристички региони се утврдуваат на Предлог на Владата.

Значи, со поднесување на овој амандман се остава за право на Владата да одлучува околу формирањето на потесните региони.

Наше мислење беше дека тоа ќе биде многу поефикасно, многу подобро бидејќи може да дојде до запоставување на одредена област во одредена општина која економски не е моќна, или која што не може да делува во рамките на овие плански региони, бидејќи знаеме дека имаме

општини каде што имаме одредени структури односно области кои што се доста актуелни, кои преовладуваат во една општина, но бидејќи спаѓаат во поширок плански регион, во поголема област да бидат запоставени од одредени структури на овие региони.

Затоа мислам дека тука нема ништо страшно, овие потесни плански региони се со цел за заживување на помалите општини или за утврдување и унапредување на одредени гранки кои делуваат во одредени општини.

Со ставот 4 кој го предлагаме ова право се остава на Владата на Република Македонија и затоа барам поддршка од колегите пратеници како од парламентарното мнозинство така и од мојата парламентарна група, која секако ќе го поддржи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Како што кажа и претходниот дискутант овој амандман е поднесен со цел да имаме еден рамномерен, економски, земјоделски, културно-историски, туристички развој на регионите.

Факт е дека регионите во Република Македонија кои што ги предлага Владата на Република Македонија се доста обемни и затоа е потребно да имаме едно потесно подрачје кое ќе може регионално да се организираат единиците на локалната самоуправа се со цел да имаат подобар економски развој.

Во Источна Македонија имаме повеќе општини кои се земјоделски и кои се многу мали, така да нивното егзистенцирање е многу тешко и со цел да имаме успешно остварување на заложбите и на програмите на овие единици на локална самоуправа потребно е и едно здружување односно на помали плански региони кои ќе придонесат за развој на сите единици на локална самоуправа вклучувајќи ги помалите и поголемите локални самоуправи.

Инаку сакам да кажам дека овој амандман нема да придонесе во ништо да го измени членот 5 односно членот 5 од Законот за рамномерен регионален развој не се менува, туку се додаваат два нови става.

Тие два става исто така нема да бидат никаков проблем да ги прифати Владата на Република Македонија односно министерот за локална самоуправа затоа што со едно организирање во помали региони во кои што ќе бидат исклучиво поврзани економски, земјоделски, културно-историски, туристички дејности во тој регион, сметам дека ќе имаат бенефит не само единиците на локална самоуправа, туку и граѓаните кои што живеат во тие региони.

Што се однесува до ставоат 4, регионите да ги утврдува Собранието на предлог на Владата и тука нема ништо да се смени доколку Владата даде предлог кој што е во согласност со единиците на локална самоуправа и во согласност со заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Сметаме дека овој став нема да влијае никако врз развојот на Законот кој е предложен од страна на Владата на Република Македонија, затоа сметам дека и му апелирам на министерот дека овој амандман кој се однесува на членот 5 ќе биде од посебно значење за помалите општини и за луѓето кои што живеат во источниот дел на Република Македонија, затоа што таму единиците на локална самоуправа се многу помали, имаат потреба да се организираат во една целина се со цел да имаат побрз економски развој.

Затоа апелирам уште еднаш до владеачкото мнозинство ако го разгледаат добро овој амандман нема причини да се отфрли, а амандманот е поднесен во интерес на граѓаните кои што живеат во помали единици на локалната самоуправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Има збор Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Во врска со овој амандман на член 5 од Законот за рамномерен регионален развој СДСМ предлага да се додадат два нова става, 3 и 4.

Во ставот 3 предлагаме поради порационално работење и примена на овој закон, значи подобро искористување на ефектите кои треба да се постигнат со донесувањето на овој закон да се утврдат и потесни региони кои ќе бидат по различни области, на пример економски, земјоделски, културно-историски, туристички и слично што ќе придонесе за пофункционално и пооперативно применување на овој закон.

Сметаме дека ова е суштината и целта која треба да се постигне со донесувањето на еден ваков закон и затоа го доразработуваме овој член на овој начин со предлагањето на ставот 3 во членот 5 каде што предлагаме вакви плански региони по определени области кои многу пофункционално би можеле да бидат користени, употребувани во функционирањето на локалната самоуправа при примената на овој закон и би дале подобри ефекти при примената на овој закон.

Исто така ставот 4 со кој предлагаме да се дополни овој член од законот е принципиелно и суштински во континуитет со претходниот амандман кој владеачкото мнозинство го одби односно претходно претставникот на Владата не го прифати, а суштината е дека Собранието, наместо Владата треба да одлучува за формирањето на овие плански региони по области кои се предлагаат со овој амандман во ставот 3.

Имено, нашата принципиелна забелешка која провејува и низ наредните амандмани кои ќе следуваат начелно на овој закон кој го предлага Владата е всушност дека Владата и преку Законот за рамномерен регионален развој сака да се замеша со своето политички и партиско влијание и да ја контролира оваа сфера од

општественото живеење односно локалната самоуправа преку некои сегменти од овој закон.

Затоа секаде, и во претходниот амандман кој не беше прифатен, и во овој амандман принципиелно предлагаме да се замени “Владата” со “Собранието”, Собранието да ги утврдува овие плански региони наместо Владата, затоа што тоа всушност претставува и уставно начело за баланс и за контрола на властите. Значи, Владата како извршна власт и понатаму би го задржала правото да предлага, меѓутоа сепак главната дебата и последниот збор согласно хиерархијата во нашиот правен и уставен систем треба да го има Собранието како највисок законодавен дом.

Значи, ова прашање треба да биде предмет на одлучување на Собранието, а не на Владата, затоа што се сомневаме не само за оваа Влада, туку принципиелно не е добро за правилно функционирање и контрола на институциите во политичкиот систем било која влада да има можност да ја наметнува својата политичка волја и својата политика во овој сегмент од Законот.

Во Собранието се застапени претставници на сите политички партии и сигурно би било многу поцелисходно, би се довело до носење на многу пообјективни, пореални решенија кога јавно овде ќе се соочат аргументите и ќе се отвори една дебата во Собранието. Вака Владата која по дефиниција е политичка, составена од коалиционите партнери која ја сочинуваат коалицијата која го има мнозинството во Собранието самата далеку од очите на јавноста, без соочување на аргументите, контра аргументите на опозицијата ќе може да си ги креира оние законски решенија со што со овој закон си го овозможува тоа право. Ние протестираме на таквиот начин на узурпација на надлежностите од страна на Владата и бараме тоа да се пренесе на Собранието, затоа што доколку Владата сака да го наметне своето влијание и својата волја и своите решенија повторно ќе може истото да го направи доколку одлучува Собранието и доколку биде прифатен овој наш амандман, затоа што во секој момент Владата има 61 глас во Собранието и ќе може да ја нагласа опозицијата.

Така што, чисто поради транспарентност и поради принципот, уставниот принцип да се знае кој е кој во соодносот извршна и законодавна власт, овој амандман треба да се прифати. Влдата не треба воопшто да се плаши дека нејзините решенија нема да поминат. Единствено од што би можела да се плаши Владата е да се соочи со аргументите и со јавната дебата или јавната критика на опозицијата во Собранието. Претпоставуваме дека Владата има доволно и за овој закон цврсти аргументи, што нема потреба да се плаши од едно јавно соочување и јавна дебата во Собранието, каде што во функција на подобрувањето на законот, секогаш е добро да се разменат аргументите. Не значи дека по дефиниција секогаш нешто што предлага опозицијата е на штета на Владата или со намера да се опструираат решенијата на Владата. Напротив, ние со овие амандмани сакаме да го подобриме законскиот текст и овој принцип да важи за сите идни влади понатаму. Значи, ако се воспостави ваков принцип, нема да има потреба било која Влада да има опасност да наметнува субјективизам и решенија преку овие законски одредби кои ни ги овозможува овој закон, а во овој случај, бидејќи Владата е предалгач, очигледно е дека самата си ги прилагодува одредбите на законот како нејзе и одговараат. Меѓутоа, тоа не е добар принцип, затоа што овие работи на крајот на краиштата ќе излезат на виделина, ќе се види која е целта во праксата при реализацијата на законот и примената на овие решенија зошто токму Владата сака секаде да доминира, како што е нашата забелешка и со овој и со претходниот амандман, каде што бараме Собранието да ги определува овие плански региони.

Затоа, на крајот, ја повикуваме Владата односно мнозинството да не го прифати аргументот на министерот, кој го одби амандманот, да размисли за нашите образложенија на овој амандман и да гласа за овој амандман. Бидејќи, генерално, реков и на почетокот на дискусијата, секаде во многу од наредните амандмани кои ќе следуваат, проверјува оваа забелешка, каде што Владата апсолутно сака да има контрола при спроведувањето на овие закони и да и се овозможи да води своја партиска политика, притоа неводејќи сметка за пошироките интереси на локалната самоуправа и на целите кои треба да се постигнат со овој закон. Бидејќи прв пат во Република Македонија се носи еден ваков закон за регулирање на оваа сфера и за регулирање на овие области од локалната самоуправа, што се многу значајни за рамномерниот регионален развој.

Значи, да завршам, сметаме дека со ваквите решенија Владата го понижува целосно Парламентот, а тоа го правела и со многу други решенија во други закони и на некој начин го поставува и го прикажува како нужно зло нешто формално да мора да се верификува, она што веќе е замислено и одлучено на Владат. Значи, ние треба само да дадеме формална поддршка на политиката на Владата, по можност помалку да зборуваме, помалку да критикуваме, да не нудиме амандмани и тоа многу побрзо да помине во Собранието. Мислам дека тој однос што го има извршната власт над законодавната, мора под итно да се корегира. Веќе станува симптоматично затоа што од Владата многу несуптилно и многу транспарентно го навредува и се наметнува со своето политичко однесување и влијание на законодавниот дом, а нејзините пратеници се само декор и само гласачка машина за исполнување на нејзините желби. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине претседател, господине министер, почитувани колеги.

Пратениците од пратеничката група на СДСМ предлагаат со овој амандман во рамките на планските региони осум на број според Предлог-законот, кој ни го поднесе министерот за локална самоуправа, да може да се утврдуваат и потесни економски, земјоделски, културно историски, туристички региони, кои ќе ги утврдува токму Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата.

И овој амандман има апсолутна потпрека во Уставот на Република Македонија, согласно кој Собранието врши политичка контрола и надзор над работата на Владата на Република Македонија. Зошто? Предлог-законот кој е доставен пред нас и минатиот пат нагласив дека има концептуална грешка во себе. Иако, се предлага политика со која ќе се утврди и поттикнува рамномерниот регионален развој, концептуално, принцпиелно извршено врз централизиран пристап. Согласно со мене, апсолутно нема двојба, овој закон, иако ќе го донесеме за да поттикнува рамномерен регионален развој, ќе биде апсолутно централизиран и ќе зависи од одлуки и акти на Владата на Република Македонија. А, тоа значи сопирање на процесот на децентрализација во очи на почетокот на втората фаза.

Овој закон, овој амандман го предлагаме, бидејќи овој закон предвидува планските региони да се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија, согласно номенклатурата на територијалните единици за статистика. Значи, овие плански региони за поттикнување на рамномерниот регионален развој зависат од акт на Владата, со кој се уредени територијалните единици за статистика. Јас навистина сакам да размислиме, почитувани колеги, што би се случило доколку Владата одлучи на некоја идна седница, се разбира дека ќе биде затворена и нема да биде директно пренесувана на МРТ, Владата донесе нов акт. Ги менува статистичките територијални единици. Тоа веднаш ќе се имплицира во извршувањето на овој закон, господине министер. Тогаш, ќе имаме различни плански региони. Знаете, колку е сериозна оваа импликација. Владата согласно своите дневно политички потреби на своите коалициони партнери, ќе менува плански региони и да не заборавиме, да не се правиме наивни тука во оптег ќе се огромни финансиски средства. Јас не сакам да замислам, доколку под притисок на некој од коалиционите партнери, на пример, Демократската партија на Албанците, господинот Коњановски биде притиснет да ги мени тие плански региони. Тоа е премногу сериозно и тоа е преголема ингеренција на Владата на Република Македонија. За да се избегне политичката манипулација, со средствата предвидени за рамномерен регионален развој на недоволно развиените подрачја, предлагаме токму Собранието ќе ги одредува не само планските региони, туку и регионите кои согласно овој амандман сметаме дека треба да бидат формирани во рамките на нив, а ќе бидат определувани, детерминирани од Министерството за локална самоуправа на предлог на Владата донесени на усвојување токму онаму каде што треба, пред законодавниот дом, односно Собранието на Република Македонија.

И, да ве потсетам, јас ја разбирам вашата нервоза, јас ја разбирам вашата реакција, но немојте да мислите дека граѓаните на Република Македонија ги заборавија импликациите од новата територијална поделба. Овде, ова е можност токму вие најголемите противници на новата територијална поделба, вие со овој закон мошне едноставно на нетранспарентни седници на Владата ќе ја менувате односно дополнително ќе ги менувате регионите во Република Македонија и тогаш ќе се случуваат многу сериозни импликации, директно ќе се одразуваат врз секој граѓанин на Република Македонија.

Токму заради тоа, барам и ве повикувам, почитувани пратеници од владеачкото мнозинство, да бидеме сериозни, да не и дозволиме на Владата во овој момент е во овој состав, утре ќе се јави некој нов, иден коалиционен партнер на Владата, кој ќе се испазари, на пример, да се зголеми Полошкиот статистички регион. И, тогаш господине Коњановски, ќе ве повикаме да го дообразложите овој Предлог-закон кој го нудите пред нас. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Агим Рамадани.

Повелете, вашите три минути.

**Агим Рамдани:** Благодарам.

Неопходно е да и реплицирам на госпоѓата, бидејќи ја спомна мојата партија и нејзините прејудикации за мене, за Парламентов и за целото население во Републикава, тоа се работи кои се болни и не треба еден пратеник, како што е госпоѓата Бендевска, претставник и парламентарната група на СДСМ со прејудикации да предлага можни состојби, идни состојби, дискриминирајќи го во својата дискусија овој закон. Во содржината на овој закон многу јасно се формирани регионите, поделени според статистички региони. Фактички, тие се категории, неизменети категории и тоа што го зборувате вие дека на една седница на Влада, која нема да се пренесува директно на телевизија, грешите госпоѓо, бидејќи Владата доколку еднаш или два пати имаше пренос, таа е спремна секогаш да биде транспарентна за измени од страна на Владата, каде што вие бевте партиципиенти и каде што вие ги правевте на таков начин сите несакани пазарења, а за што не ви доликуваше и на штет на населението и во друго име правевте наводно развој на неразвиените одрачја. Сега, овој закон е во согласност со статистичките одредби, во согласност со потребата, реалната потреба на теренот и вас ве боли ова повеќе дека оваа Влада на терен не подготвува нешто

скирено, тајно за да краде пари, како што сте правеле вие со вашата парламентарна група и на поранешната Влада, но мислите дека на ист начин на постапка и реализирање на буџетот во регионите кои не се развиени, ќе се работи според ваш терк. Ние така не мислиме и не работиме и нема да постапиме така под притисок како деца, ние тоа не го правиме, туку кога влеговме во оваа Влада ги презентиравме нашите партиски програми, кои беа во согласност со интересот на десницата во Република Македонија, во согласност со граѓаните на Република Македонија и во согласност со регионалниот развој, што ќе се направи претходно, подготвувајќи еден авангарден закон кој ќе има поддршка од парламентарното мнозинство, од населението и еден закон кој реално ќе ги претстави проблемите пред населението кои се од животно значење. Немаме базени за вода, немаме инфраструктура, а реков дека со новиот закон за средно образование ќе треба да се инвестира пропорционално во сите рурални места во Република Македонија. Никаде во законот не пишува дека некој ќе биде дискриминиран или Владата ќе подготви пари за самата себе. Тоа никогаш нема да го направиме. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Премногу нервоза, господине Рамадани, без потреба. Јас вашата партија ја спомнав и наведов дека ја земам како за пример. Господине Рамадани, и минатиот пат говоревме на истата тема. Вие не сте портпларол, ниту учесник во работата на Владата на Република Македонија. Вие сте избран претставник на сите граѓани од регионот каде сте биле на кандидатска листа. Вие, како и јас, иако јас сум опозиционен пратеник, вие од позиција, сме должни да ги штитиме интересите на граѓаните на Република Македонија, а истовремено да ја контролираме работата на извршната власт, а тоа е Владата на Република Македонија. Токму тука ќе ја покажеме целата сериозност на нас како пратеници. Вие постапувате како портпарол на Владата, непотребно. Вашите нервози и вашиот речник не би ги коментирала.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Збор има министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Ако може малку да помогнам, за да се смират и самите страсти.

Критериумите зџа кои говориме за статистичките региони не се на Владата на Република Македонија, не ги воспоставува Парламентот на Република Македонија, тие критериуми се европски. И, ние неможеме настрана да одиме од тоа. Тоа е уредено со Уредбата 1059 од 2003 година и тие се рамките преку кои се утврдуваат тие стандарди за НУТС регионите во Република Македонија и апсолутно не држи објаснувањето дека некој п желба ќе ги крои тие региони. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Јас навистина би ве замолила, господине министер, да објасните. Овој е ваш Предлог на закон. Тврдите дека планските региони се единиците на НУТС ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија. Актите на Владата на Република Македонија, имате право како член на Влада да ги менувате кога сакате. И тоа ќе ги менувате, актот за воспоставување на утврдување на територијални единици за статистика. Тоа право го имате. Нема потреба да не консултирате нас како Собрание. Но, импликацијата врз овој Предлог-закон, знаете која ќе биде. Вам ќе ви текне утре да донесете одлука, акт за 10 единици за статистика, а тоа значи автоматски ќе имаме 10 плански региони согласно законот за рамномерен регионален развој. Токму тоа останува клучно, основно прашање кое вие упорно три дена одбивате да го одговорите. Тоа епреголема ингеренција на оваа Влада. И во текот на јавните расправи во кои учествувавме како парламентарци, главна забелешка беше пренагласената улога на Владата и министерството во креирање, составување на органи, носење на стратегија и употреба на финансиски средства. Токму тука прекумерно си го задржувате дискреционото право, менувајќи статистички територијални единици, да менувате плански региони за рамномерен регионален развој. Јас, навистина, ве молам јасно и гласно да објасните што тогаш, контролен механизам за тоа, единствено тоа е доколку во овој закон имплементирате дека планските региони ќе ги утврдува Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има министерот за локална самоуправа, Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Неколку пати објаснив, меѓутоа очигледно дека потешко сфаќаме, па ќе се обидам уште еднаш да објаснам. Точно е дека статистичките региони се носат со акт на Владата на Република Македонија. Меѓутоа има одредени критериуми и тие критериуми се европски, согласно на Уредбата 1059 од Европската унија. Значи, Владата на Република Македонија не може да донесе статистички регион на НУТС ниво по желба, туку по одреден европски критериум. Бидејќи, ние тежнееме и сакаме да одиме кон Европската унија, тоа значи дека мораме да го почитуваме. Тука нема желби, помали или поголеми региони, вакви или онакви, има само критериуми кои ние мора да ги почитуваме. Благодарам.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Весна Бендевска, немате повеќе право на реплика.

Според тоа, збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници.

Овој амандман кој што е поднесен од страна на пратеничката група на СДСМ очекував да биде прифатен од страна на Владата, заради тоа што ништо суштински не менуваме, освен подобрувањето на текстот на законот и суштината на функционирањето и неговата применливост во пракса во Република Македонија.

Впрочем во членот 5 додаваме два нови става, не се менува ниту се брише нешто од овој член и во рамките на предвидените и воспоставените со овој закон плански региони предвидуваме да можат да се утврдуваат потесни економски земјоделски, културно историски и туристички региони, се со цел во рамките на самите плански региони да се испочитуваат спецификите на поедини општини, пред се, на помалите општини кои што би можеле да се соочат со проблемот на доминацијата на поголемите општини во делот на одлучувањето.

Имајќи предвид дека голем дел од овие мали општини имаат свои специфики и нивниот развој, а со тоа и развојот на тој регион би се одвивал во рамките на она што се можности на самите општини, заради тоа предвидовме дел од општините ќе можат да се формираат врз основа на економските параметри, земјоделски, културно историски и туристички региони се со цел секоја од овие поединечни општини да го даде својот максимум во делот на сопствениот развој, а со тоа да придонесе и за развојот на целиот регион и воопшто на Република Македонија.

Токму од тие причини мислев дека ќе биде поддржан овој амандман, очекувам дека парламентарното мнозинство ќе ги согледа аргументите кои ги нудиме, без да се промени нешто во овој член, туку едноставно да ги допрецизираме работите.

Втората работа во однос на тоа кој ќе ги утврдува, конзистентно на овој став кој го искажавме со претходниот амандман кој не беше прифатен ниту од страна на Владата ниту од парламентарното мнозинство за кој добиваме одговори и аргументи кои мислам дека не се силни и не можат да не убедат во оправданоста на оваа методологија и начин на формирање на регионите, па предлагаме на предлог на Владата овие региони да ги утврдува Собранието на Република Македонија, што впрочем требаше да се направи претходно со утврдувањето на НУЦ-овите.

Иако овде се искажа дека тоа е врз основа на европски критериуми кои се предвидени од страна на ЕУ, меѓутоа, ако овие европски критериуми ќе ги користи Владата при утврдување на регионите, не гледам причина зошто и сигурен сум дека Собранието тоа ќе го прави, едноставно што поен плус ќе биде транспарентноста во Собранието на Република Македонија при креирањето на ваквите региони.

Мислам дека од сите овие аргументи кои ги наведовме, имаме сериозна причина сите пратеници да размислиме добро и да го прифатиме овој амандман се со цел да имаме поквалитетен и поприменлив закон, на тој начин да придонесеме навистина да изградиме еден систем во кој ќе имаме регионален развој подеднаков за сите региони во Република Македонија и согласно сите специфики што ги имаат општините, пред се да ги заштитиме или на некој начин да придонесеме за развој на малите општини заради кои е поднесен овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Денеска зборуваме за еден и водиме дебата по еден многу сериозен Предлог-закон за рамномерен регионален развој.

Пратеничката група на СДСМ моравме во пет до 12, да поднесеме амандмани сметајќи дека со тоа ќе придонесеме да го подобриме текстот на овој закон за побрз и рамномерен регионален развој.

Зошто го зборувам ова? Затоа што овој закон не требаше вака по итна постапка да се донесе.

Прво, ваков сериозен закон за кој водиме дебата во собраниската сала и кој е клучен за влез во ЕУ, не се донесува по итна постапка. Зошто го зборувам ова? Затоа што граѓаните ќе не осудат, бидејќи требаше време да се сослушаат и предложат многу сегменти од општествениот живот за да имаме правилен регионален развој во општините, во регионите, за да успешно функционираат самите општини.

Не би ја повторувала дискусијата на претходните почитувани колеги, се согласувам со нивните дискусии, сметам дека во Предлог законот за рамномерен регионален развој во член 5 поднесениот амандман поднесен од пратеничката група на СДСМ, членот 5 став 2 гласи: планските региони од став 1 од овој член се единиците на ХТС-3 - ниво утврдено со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатура на територијални единици за Статистика.

Сметам дека овој став 2, во членот 5, подобра содржина и поголема суштинска вредност, законот ќе добие како во функционалност и ефикасност ако се додадат уште овие два нови става 3 и 4 кои гласат:

Во рамките на планските региони можат да се утврдуваат потесни економски, земјоделски, културно историски и туристички региони. Ова го потенцирам затоа што е многу битно и од посебно

значење за помалите општини од каде доаѓаме, посебно од источниот дел од каде доаѓаме.

Верувам, колеги пратеници, дека ќе се согласите, Источна Македонија е далеку зад Западна Македонија. Според тоа, овие осум региони кои се предвидени со Предлог законот, по мене, не е во ред. Треба и помали единици на локалната самоуправа за да имаме побрз економски развој. Ова, пред се, се однесува на Источниот дел од Македонија. Доаѓам од Крива Паланка за која можеби некој не слушнал, не ја видел, посебно кој регион е, каков е, тоа е навистина таков пасивен регион од каде луѓето едвај можат да егзистираат.

Се во интерес на подобрување на текстот, за подобрување на функционалноста и ефикасноста на овој закон го предлагаме овој нов став, ставот број 3, кој мислам дека ќе придонесе за подобрување на текстот на Предлог-законот за рамномерен регионален развој.

Додавањето на ставот 4 кон членот 5 од став 2 гласи: Регионите од ставот 3 на овој член ги утврдува Собранието на Република Македонија. Затоа сме избрани од народот овде во овој парламентарен дом треба да дискутираме и овде треба да се води дебата, без разлика дали сме позиција или опозиција, да се донесат и аргументирано да се зборува за да може законот да има поголеми ефекти и поголема ефикасност. Ќе има поголема ефикасност и функционалност тогаш кога ќе се донесува и кога ќе го утврдува Собранието на Република Македонија не на предлог на Владата, без разлика која и да е, не станува збор, партиски не гледам ништо и не треба да се гледа, бидејќи се работи за народот, од нив сме изберени, ги штитиме нивните интереси затоа овде треба секој да го каже своето мислење и својот став, а не само да бидеме обична гласачка машинерија.

Јас имам чувство дека Владата сака во се да има контрола, па и контрола врз локалната самоуправа. Без разлика која и да е Влада не треба да има таква голема контрола врз локалната самоуправа. Таму си има градоначалник кој е избран на непосредни избори и тој си ја знае состојбата во општината и може да дава свој придонес.

Би ги повикала сите колеги пратеници да го поддржиме овој амандман со единствена цел да придонесеме за подобрување на текстот на Предлог законот за рамномерен регионален развој не со друга намера и цел, мислам дека ова е сериозен закон и верувам дека голем број пратеници, бидејќи народот ги избрал, ќе гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, колеги пратеници,

Заради развојот на Република Македонија како правна држава во која ќе се почитува принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, принципите на владеење на правото и правната држава, сметам дека нашите настојувања треба да бидат во насока на јакнење на улогата што секој од властите треба да ја има за да може точно да се утврдува и одговорноста во сегменти каде нема соодветно почитување на законите. Токму за тоа ни како пратеници, при определувањето за тоа дали ќе поддржиме или не некој законски текст или друг акт што го разгледуваме, треба да ги имаме во принцип овие определби кои се дефинирани во Уставот, но се и определба на Република Македонија на планот кон евроинтегративните процеси.

Но, за жал, наместо јакнење на улогата на секој од властите поединечно во сферите каде има надлежности, сведоци сме за нешто сосема поинакво и тоа од страна на Владата. Сведоци сме на настојувањата на Владата да ги замени сите власти, ако е возможно, и наместо да биде само извршна власт која ќе одговара за својата работа пред Собранието на Република Македонија, таа ги презема надлежностите и на Собранието и на судската власт. На Собранието на начин што во законите што ги разгледуваме во голема мера за одредени прашања што се важни се предвидува истите да бидат дефинирани со подзаконски акти, а тоа значи дека нашата Законодавна улога се заменува со улогата што ќе им се даде на соодветните ресори во Владата со изготвување на подзаконските акти, но и со заложба за многу значајни прашања да одлучува Владата, како што е случајот со регионалниот развој, со утврдување на територијалните единици за статистика, како што е предвидено во членот 5, и токму за тоа сметам дека во нашето настојување да ги задржиме надлежностите што ги имаме согласно Уставот, треба министерот за локална самоуправа да го поддржи амандманот според кој регионите од ставот 3 на овој член ќе ги утврдува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата. Не смееме да допуштиме нашите надлежности да ги има Владата.

Покрај овие настојувања со начинот на кој Владата ни ги предлага законите да земе надлежности од Законодавната власт се поголеми се настојувањата на поедини министри, па дури на премиерот директно да приграбат, да земат ингеренции на судската власт. Затоа ве молам, морам да ве потсетам за еден настан што се случи претходните денови, за кои вчера имавме можност да ги слушнеме министерот за правда и премиерот за кои сметам дека најмалку им беше место тоа што го кажаа да го кажат преку медиумите, а поврзано со Меѓународната трка ГАМБОЛ-3000 џетсетовско рели, па наместо да ги слушнеме претставниците на Владата за тоа дека настојуваат одговорноста за начинот на кој ова рели е спроведено и реализирано во Република Македонија да се бара во одговорноста на Владата и Министерството за внатрешни работи и наместо претставниците на Владата и премиерот да ни одговорат зошто вакво меѓународно рели не е кај нас организирано во соработка или со

пратња на претставници на полициските служби, граѓаните беа оставени на милост и немилост, за жал имавме можност да видиме да се случи двајца граѓани го изгубија животот (Претседателот ја опоменува пратеничката за бегање од темата) во Република Македонија, јас овде би го искажала своето лично жалење за она што се случи, но не можам да се согласам дека одговорноста за постапката во судските органи, за одговорноста треба да зборува директно премиерот што вчера имавме можност да го слушнеме, па рече мислам дека Судскиот совет треба да го преиспита тоа и добро е што Министерство за внатрешни работи реагираше (пак опомена од претседателот) брзо.

Со вакви изјави не може да стане збор за правна држава и за владеење на правото. Ако има одговорност кај судии или кај други вршители на функции. . .

**Љубиша Георгиевски:** Вие изгледа ги иземате предвид моите три опомени.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** . . . во законите е точно предвидено кои се одговорностите кои органи треба да внимаваат на овие одговорности и тие да го лоцираат проблемот и да утврдуваат постапка односно во одредена постапка да ја дефинираат одговорноста, а никако тоа да се случи од страна на министри или премиер.

Со оглед на тоа што имаме можност, еве како што спомнав, да се соочуваме со вакви ситуации каде Владата нема надлежности, можете да претпоставите што ќе се случува и ако оставиме вакви одредби во законите како што е Законот за регионален развој каде ние како парламент на Владата и даваме ширум отворени раце, буквално да кажеме, да прави што сака. Навистина колеги пратеници, посебно вие од мнозинството, сметам дека треба да се замислите на кој начин ќе гласате за овој закон. Ова не е прв пат, сведоци сме за низа други законски прописи што до сега сме ги разгледувале, едноставно да бидеме отворени во таа соработка со Владата, мислам на претставниците од Парламентарното мнозинство и надлежностите на Собранието да се префрлаат во рацете на Владата. Не. Владата треба да ги има тие надлежности што се дефинирани во Уставот, а нешто за што одлучува Парламентот треба да се случи тука во Парламентот и ние да ја преземеме одговорноста.

Токму за тоа апелирам уште еднаш до колегите да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Имаме бурна дискусија денеска заради тоа што ако првиот амандман за кој дебатиравме скоро час и половина беше усвоен немаше да се доведеме во ваква ситуација повторно да расправаме за нешто што на сите нас апсолутно ни станува јасно, повеќе од јасно.

Имено, господине министер минатиот пат кажав деак одлуката на која вие се повикавте за утврдување на номенклатурата на територијалните единици за статистика односно вие се повикавте на Уредбата 10/59 е апсолутно, да не речам, не важечка токму за нашиот случај при носење на овој закон. Работите се поставени наопаку и така ќе тече расправата. Имајте разбирање за тоа.

Имено, Одлуката за утврдување на номенклатурата на територијални единици за статистика е Одлука на Влада која, јас знам дека вие не можете да ги следите сите работи. Меѓутоа, вашата стручна служба била должна да ве опомене дека мора да се донесе нова одлука на Влада со која што во НУЦ-4 не може да се повикувате повеќе на 123 општини во Република Македонија заради тоа што во Република Македонија не постојат 123 општини. Зборуваме за НУЦ-1, НУЦ-2, НУЦ-3, НУЦ-4. Дури предлогот кој што вие го дадовте дополнително не е ист, не користи иста терминологија со одлуката на Влада донесена на 24 април 2001 година. Значи, работите се измешани од страна на Министерството. И токму за тоа овој амандман треба да биде прифатен, ако ништо друго заради тоа што амандманот е во функција на заложба на Република Македонија за зголемвување на локалната демократија и зголемување на ингеренциите на локалната самоуправа. Имено, и сами во една прилика изјавивте дека многу брзо можеби уште овој месец во собраниска процедура ќе влезе Законот за меѓуопштинска соработка. Ако тој дојде ќе видите дека ја содржи истата формулација која што ја содржи и овој амандман. Имено, ако зборуваме и за претходните работи, мора да кажеме дека номенклатурата на која што се повикавте вие за просторни единици за статистика се базира на административни критериуми и тоа е тростепена класифиакција. Или само да споменам, нивото се определува најмногу според просечна големина во километри квадратни просечен број на население. И затоа Република Македонија е дефинирана како една НУЦ единица. Меѓутоа, во вториот дел кај НУЦ-3 во Република Македонија се опфатени 8 региони.

Уредбата која што вие ја цитирате, па кажете тогаш која е статистиката. Во таа уредба стои до 800 илјади жители. Тоа значи дека Република Македонија ќе има 1, или 2 региони. Значи, секоја земја дополнително ги определува дополнително условите, се разбира пред да стигнеме таму каде што сите сакаме, мора да знаеме каде се наоѓаме. Имено, искуството зборува дека конвергенција не се случува автоматски со процесот на асоцијација. И тоа е особено важно при носење на еден ваков закон . Искуството на новите членки на Европската унија мошне е релевантно, меѓутоа требале вашите помошници да ви кажат дека е и многу загрижувачко. Економските резултати, кога се работи за развој на региони кажуваат дека конвергенцијата се случува со стапка од 2% што значи на нас ќе ни требаат 20-тина години да стигнеме таму каде што се некои региони околу нас. И токму од тие

причини неслучјно Европската комисија дава вакви уредби каде што вели дека, конвергенцијата е побрза помеѓу државите, отколку помеѓу регионите. И затоа овој закон требаше да биде со максимален консензус донесен при што ќе се почитуваа и другите фактори во Република Македонија кои што се релевантни да го кажат своето мислење и мислењето на граѓаните, а за нив ќе зборуваме и по другите членови, а не да брзаме и дури два часа да оставаме на пратениците да не можат да го подобрат овој закон со амандман. И претходниот пат кога ја утврдивме потребата од носење на овој закон, кога расправавме за овој предлог кажавме дека одредени делови не се допрецизирани, дека треба да се појаснат. Сепак, законот еве преурането стигна овде каде што стигна. Ќе зборуваме долго за овие амандмани. Меѓутоа, ако го прифатевте првиот амандман, многу амандмани не ќе мораше денеска, утре, не знам кога да ги дебатираме. Заради тоа што тврдам дека ни оние кои што ве советувале дека подобро е Владата да ги определува регионите во Република Македонија и условите за тоа. Прочитајте го член 30 од предлогот кој што сте го дале, ќе видите дека е контрадикторен на сите ваши изјави. Жалам што вака се обратив почитуван министер, меѓутоа мислам дека треба да се прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, самиот факт што расправата по одделени амандмани поднесени од страна на нашата пратеничка група трае доста долго, а гледаме дека и од страна на позицијата има поднесено одреден број амандмани, укажува на тоа дека овој закон можеби е многу важен, но сепак исто така и дека има уште голем број на недостатоци кои што ние како пратеници пробуваме со одредени амандмански интервенции да ги исправиме и да го подобриме текстот на законот. До сега за жал од страна на министерот немаме подршка во тој дел. Добро е што отвараме дијалог, дискусија, но сепак, мислам дека онаму каде што Министерството нема аргументи да ги одбрани амандманите, или причината за одбивање на амандманите, нема причина да не се прифати амандманот, бидејки целта на крајот на краиштата ни е заедничка, а тоа е развојот на Република Македонија.

Прво, законот неколку пати, оваа седница како продолжение беше најавувана, одлагана, повторно најавувана, па одлагана и сега на крајот се реши парламентарното мнозинство дека законот е сепак многу битен. Се одложи една седница која што веќе беше закажана за денеска. И добро е тоа, бидејќи ако во јавноста се пропагира дека носиме системски закон, многу значаен закон, тогаш е редно и таков третман да му дадеме. Но, од она што до сега се случуваше веројатно неколку пати се мерело и пресекувало парламентарното мнозинство кога и како да се стави законот. И денеска ги имаме во делот на амандманската расправа. Јас кога го читав законот, онака како што е предложен концептот, и расправавме и во правата фаза кога се донесуваше, не може да се одбегне впечатокот дека е многу централизиран и дека многу надлежности кај себе прибира Владата што за еден ваков закон кој што треба да ја покрива целата територија на Република Македонија и каде што многу работи се вршат само од еден центар, односно ние немаме таква распределеност на власта во Република Македонија по повеќе региони па да може на овој начин да функционира еден ваков закон, со тоа што од тие региони ќе се даваат податоци до централата. Ние имаме власт која што е сконцентрирана во Скопје, во главниот град. И мислам дека многу од овие членовите пишувани врз основа на теорија, на многу малку познавање на конкретната ситуација на теренот. И затоа сметам дека треба многу внимателно и многу пофлексибилна да биде Владата и парламентарното мнозинство, ако сакаме да имаме квалитетен закон. Значи, со овој амандман на некој начин се предлага во рамките на овие 8 региони кои што се дадени во законот да можат прво да се утврдуваат потесни региони се со цел да се овозможи, да се даде значење, или да се насочи правилно развојот на одреден регион. Овие статистички региони, објаснуваше и колегата претходно се за друга намена. Тие се пред се за водење на статистичка евиденција или статистичка работа. Не се тие толку битни, или значајни за развојот па да бидат закон, да не можат по ниеден основ да се менуваат. Не ја гледаме причината за тоа. Веројатно најлесно и било на Владата да утврди, веќе има региони, ќе ги ставиме само во законот дека се основа и врз таа основа ќе го темелиме регионалниот развој на Република Македонија. Но, не е така. Република Македонија иако е мала по територија држава, меѓутоа има многу различни подрачја кои што имаат различни правци на развој и различни тенденции, различни приоритети, различна историја, различна култура и т.н. кои што требало подносителот на законот да ги имал во превид кога го пишувал законот, или го предлагал. Но, очигледно она што го зборував претходно за да се олесни работата, или не сакајќи подлабоко да се навлезе во проблематиката е земено, ќе ги земеме статистичките региони, а нема ниедно објаснување зошто баш тие региони ќе го креираат развојот во Република Македонија, или ќе служат како основа за креирање на рамномерниот регионален развој во Република Македонија.

Затоа ние предлагаме во рамките на тие региони да се утврдуваат и потесни подрачја зависно од тоа како се планира да се развива тој регион, или тие потесни подрачја. Само за пример да земеме во регионот кој што е во делот, го опфаќа Вардарскиот регион има голем број општини кои што имаат различни развојни можности. Делот на Неготино и Кавадарци би било логично да се

развива делот на винарстовот, лозарството и т.н. Додека делот каде што одиме на Југ можеби се поразвиени погранични подрачја, раноградинарски култури, дел можеби има индустрија. И затоа е добро да прифати Владата во рамките на регионите да може да утврдува потесни подрачја врз основа на кои што ќе го планира нивниот развој и кои подрачја ќе бидат комплементарни, односно компатибилни, ќе претставуваат една целина која што ќе има заеднички правец на развој и врз таа основа ќе може многу полесно и мерките и инструментите и политиката на развојот кон тие подрачја да се насочува. Да не земам други примери, земете го Битола и Прилеп. Во Прилеп приоритет е тутунот. Во Битола можеби приоритет е најголемата рамница за производство на жито во Република Македонија. Не можете така да планирате развој на толку големи региони кои што имаат меѓу себе одредени разлики. Мислам дека не е во ред да не се прифати. Она што во законот е дадено да се предвидуваат подрачја со специфични развојни потреби, тоа е сосема друга работа и тоа е сосема за друга намена во рамките на овој закон и нема некое големо влијание, или поврзаност во рамките на овие региони. За подрачјата со специфични развојни потреби е дадено дека можат да се простираат во рамките на една, две општини, во рамките на еден, или два региона. И мислам дека не можат да допринесат многу да се стесни изборот, или да се стесни политиката на рамномерен регионален развој да се сконцентрира на одредени подрачја, туку напротив ќе донесе уште повеќе до ширење и до разводнување на работата и ќе имаме една ситуација во која што ќе имаме големи стратегии, ќе имаме големи планови. Но, само таа обемност на тие планови и стратегии нема да значи и конкретни мерки, туку ќе значи многу теорија, објаснување и не ќе можеме покнцентрирано, или потесно да се определат подрачјата и нивните развојни перспективи во рамките на овие региони кои што се утврдени. Затоа мислам дека имаме добри аргументи, дека нашето образложение држи за овој амандман. Не ми е јасно зошто Министерството не го прифаќа. Мислам дека во многу ќе го олесни планирањето на економскиот развој на сите нивоа, ќе се избегне една тенденција, или едно кажување кое што вели дека во овој закон можеби е вовед во двостепена локална самоуправа и ќе се намали значењето на тие 8 региони, а ќе се олесни планирањето на регионалниот развој. Затоа мислам дека министерот треба да го прифати овој амандман. Многу, многу полесно ќе може да се занимаваме со развојот и да го креираме развојот на Република Македонија, ако сакаме да бидеме искрени во нашите намери во тој дел. Значи, со овој амандман во многу ќе се поедностави планирањето, ќе се овозможи појасно да се утврдат целите на развој на одредени подрачја во рамките на регионите и во тие рамки ќе може многу поефикасни мерки и инструменти да се планираат за нивниот развој. Затоа на некој начин и владеачкото мнозинство треба да размисли да го прифати овој амандман.

И во новиот став кој што се предлага да се донесе, тоа е ставот 4, дека овие региони треба да ги утврдува Собранието на Република Македонија. За ова прашање најмногу ќе се кршат копјата по однос на овој закон, бидејќи е јасно дека и Собранието мора да биде вклучено во рамномерниот регионален развој, а не само Владата која што ние ја бираме да биде главен носител за сите проекти кои што ги предвидува овој закон во делот на рамномерниот регионален развој. Затоа мислам дека е логично и би требало овој амандман да се подржи се со цел да добиеме поквалитетен и појасен закон за рамномерен регионален развој.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Јас мислам дека претставникот на Владата прави грешка што не го корегира концептот на законот кој го има предложено пред Парламентот, па макар и сега во фазата на расправа со амандмани. Иако моето мислење за излез од оваа состојба не е работата по амандмани, туку повлекување на Предлог законот и ставање на законот согласно Деловникот во оваа фаза од страна на Владата како нацрт на закон да се гледа и уште еднаш да го достави на разгледување. Затоа што законот каков што е и особено овој амандман е типичен на член 5 кој го отсликува законот, е закон кој прво нема да ги реши проблемите на нерамномерен регионален развој во Македонија воопшто, не ги засегнува проблемите. И второ, го дислоцира проблемот на решавањето наместо комбинирано кон претставничкиот дом и кон извршната власт, целосно во извршната власт. Дури еден од најсензитивните проблеми на законот уреден со член 5, а тоа е кои ќе бидат планските региони, Владата си го задржува да го решава со своја одлука како право што мислам дека е катастрофална грешка, затоа што единствен претставнички дом во Република Македонија е Собранието на Република Македонија. Владата не е претставнички дом. Кога регионалниот развој каде што се работи за регионите и субрегионите, а дури во законот и за населени места, села, специфични потреби и т.н. е извлечено од доменот на оние кои ги претставуваат граѓаните и пренесено во извршната власт укажува дека една по мое уверување парекселанс надлежност на Парламентот се одзема и се пренесува во Владата. Дури се мислам и дали е во концептот на Уставот зацртано Владата да ги носи законите, односно актите кои по правило треба да се носат со закон. Затоа мислам дека амандманот, да не ги набројувам овие десетина пратеници кои го поднесоа, на членот 5 е сосема издржан, затоа што ќе го врати во Собранието тоа што Собранието треба да го уреди, а не да го одземе во Владата. Инаку, ако овој амандман се одбива како што сега Владата го одби, тогаш мислам дека станува јасно во која насока Владата ќе се движи со останатите 60 амандмани. Само да

потсетам, една од најкрупните работи е како ќе се утврдат планските региони за регионален развој, односно за рамномерен регионален развој. Ако Владата тој проблем сама го зема да си го уредува, тогаш јас не знам зошто ние го носиме законот. Претседателе и почитуван министре, едноставно можевте законот да го сведете на една точка. Еве зошто. Ако веќе тука не прифаќате како клуч,не знам што понатаму ќе прифатите.

Во членот 1 пд законот вели: со законот се уредуваат цели, начела, носители, планирање, финансирање, распределба на средства, следење, оценување и други прашања на регионалниот развој. Во законот е уредено дека сите овие ги спроведува Владата на Република Македонија.

Значи имаме закон од 60 члена во кои член 5 е клучен, во кој Владата ни предлага се, и целите, и начелата, и носителите, и планирањето, и финансирањето, и распределбата на средствата, и следењето, и оценувањето на планските документи, и другите прашања, се да врши Владата. Според тоа, зошто ни дава законот 60 или 70 члена, нека ни го даде законот, надлежност за рамномерен регионален развој е на Владата на Република Македонија и точка. Се друго натаму е бесмислено и беспотребно доколку Владата само понатаму доуредува нејзини надлежности. Тоа се надлежностите, ништо не е останато на другите, односно на Парламентот.

Затоа, го повикувам министерот сериозно да размисли да го врати во надлежност на Собранието тоа што тој го одзема со акт на Владата сега, затоа што господине министер вие не сте тој што можете на Собранието, па макар и на ваков начин, со брутално надгласување, да ги одземате надлежностите на Собранието. Ова е сега демонстрирање на ваша сила. Вред, меѓутоа, тоа не е добро. Демонстрацијата на сила завршува обично лошо. Вие не ги претставувате граѓаните на Република Македонија за да ги утврдувате нивните развојни региони и економски региони. Претставувањето го извршуваме ние во Собранието на Република Македонија.

Второ, кога веќе одите на таква конструкција на законот каде што велите дека планските региони се единиците на НТЕС трето ниво, утврдени со акт на Владата за утврдување на номенклатурата, да прочитеме што пишува во актот на кој вие се повикувате, што дури требаше според мене госпоѓата Благородна Дулиќ во нејзината Комисија да го разгледа овој акт, како е можно законодавниот дом да носи закон во кој става одредба дека Владата ќе донесе одлука врз основа на закон, а се повикува на друга одлука која е донесена врз основа на друг закон. Владата во овој закон, господине министер и госпоѓа Дулиќ, внела одредба да се повикувате на друг закон со своја одредба. Само да цитирам што во член 5, кој со амандман сакаме да го смениме, вие сте напишале господине министер. Велите: регионите ќе ги утврди Владата со акт за утврдување на номенклатура на територијални единици за статистика. Ајде да прочитаме што пишува во Службениот весник каде што сте го утврдиле тоа: “Врз основа на член 18 од Законот за државна статистика, Владата донела одлука”, значи за рамномерен регионален развој Владата прифаќа акт донесен од Владата врз основа на член од Закон за статистика и во него вели дека со оваа одлука се утврдува номенклатурата на територијални единици за статистика, го потенцирам зборот за статистика, а не за рамномерен регионален развој во функција на групирање на територијалните единици, повторно цитирам: “за статистички цели”. Сега господине Коњаноски ве прашувам дали донесуваме закон за статистички цели или Законот за рамномерен регионален развој, затоа што моите колеги што зборуваа се во право. Кога вие би биле економист, би разбрале дека за статистички цели и за цели на рамномерен регионален развој територијата не се дели еднакво. Вие можете за статистички цели да го опфатите градот Скопје, што е носител на бројни статистички показатели, една четвртина до една половина од Република Македонија и е логично да биде една статистичка целина. Меѓутоа, за рамномерен регионален развој Скопје нема проблеми. За рамномерен регионален развој Скопје треба да претставува дифузер на развој, спротивно на економските текови, затоа што економските текови имаат насока кон Скопје, а вие сега истите статистички методологии на предлог на Статистика - еве, јас да прашам уште нешто. Бидејќи сте ја донеле врз основа на Закон за државна статистика Уредбата за утврдување на планските региони, кој ви ја предложил Уредбата господине Коњаноски на Влада, вие како министер за регионален развој и локална самоуправа или директорот на Државниот завод за статистика. Во тој закон сигурно пишува одлуката за номонклатура на територијални единици за статистика ја носи Владата на Република Македонија на предлог на директорот или на предлог на Државниот завод за статистика. Видете каква конструкција сме направиле сега во вашиот закон. Од предлогот на директорот на Државниот завод за статистика зависи што можете вие да донесете, а тој ќе ги брани интересите на статистичките цели, тој нема да ги брани интересите на вашиот регионален развој, зашто за статистички цели има поинаква методологија. Вие сега таа методологија, мртви ладни, ја оставате за регионален развој. Затоа сум апсолутно скептичен дека тоа ќе функционира. Кога веќе ни ја одземате надлежноста што со Устав ни е дадена претставничкиот дом да ги утврдува регионите кои ние ги претставуваме тука, а не вие во Владата, тогаш барем да оставевте само одредба во законот, во членот 5 во која ќе се каже дека планските региони ги утврдува Владата со свој акт. Меѓутоа, и тоа не било доволно и сте продолжиле, извинете на изразот, не е многу трагичен, сте се дозакопале и ќе го дозакопате рамномерен регионален развој во статистички региони утврдени за статистички цели. Барем нив

да ги избришете, но не ги избришавте, барем да го прифатите амандманот на колегите каде што се вели дека регионите од став три ги утврдува Собранието на предлог на Влада па да може да се смени нешто, да не е врзано со оваа кратенка НТЕС. Меѓутоа, мислам дека има еден прилично детерминиран пристап, региони за рамномерен регионален развој потекнуваат од регионите кои се за статистички истражувања, статистичките истражувања немаат никаква врска со рамномерниот регионален развој, тие се посебни региони, си има посебни економски законитости кои го уредуваат нерамномерниот економски развој заради кој државата треба да интервенира со рамномерен економски развој, така што ваквата исплеплетеност на законите се да потекнува од Државниот завод за статистика, а ние тоа да го прифаќаме како регион за рамномерен развој е нонсенс и јас сметам дека е неиздржана аргументацијата на Владата, Владата не сака да се корегира. Ќе видиме - не излегувам претседателе од темата, врзано е со ова - во идните 60 амандмани на вашите 60 членови, инаку, ова е куриоризитет во Собранието, треба да се замислите што се случува ако се поднесени на 68 члена 60 амандмани. Ќе видите дека оваа ваша филозофија од член 5 проникнува до крајот. Понатаму, вие утврдувате за средствата, вие утврдувате за предлозите, вие утврдувате за критериумите кај член 30. На Собранието му е одземена функцијата, но за тоа ќе зборувам кога ќе дојдат тие амандмани. Владата ќе утврди врз основа на што некој се смета за цел на рамномерната политика. Значи ние даваме преголема моќ на вас и апсолутно не се согласувам со таа моќ. Еве, господинот претседател и јас како член на групата за соработка со Шведска, во петок имавме средба со Шведскиот претседател на Парламентот. Мислам дека тоа го кажа и на прес-конференцијата. Надлежностите кои Владата ги има во Шведска за односите со Брисел, е должна да поминат низ Парламент во Шведска, затоа што граѓаните оцениле дека Владата самата во односите со Брисел ги уредува работите што се однесуваат и на Шведска без Парламентот да биде консултиран, зашто има надлежност легислативата во Брисел и над Шведска и рекле не, од сега и за бриселските работи ќе дојдете прво во Парламент. А кај нас не само што Владата не доаѓа во Парламентот, туку ги одзема од Парламентот и тие работи што се наши.

Господин Коњаноски, немате легитимитет да ги утврдувате регионите за рамномерен регионален развој, ние сме тие кои ќе ги уредиме со наша одлука, со наш закон, со наш акт. Ние ги претставуваме регионите, вие не ги претставувате. Вие сте министер избран од ова Собрание друго да правите, ќе дојдете пред ова Собрание со предлог и тоа не да ги уредуваме врз основа на законитости и методологија за статистички цели. Испотете се малку, поработите која е методологијата која ќе ги уреди регионите да бидат иманентни на регионалниот развој, а не за статистичките истражувања. Вие знаете кои се статистички истражувања, опфаќаат демографски статистики, политички, социјални, економски и тука завршува со илајдници други. Тие си ги приспособиле на тоа.

Се согласувам и со госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска дека Владата почна премногу и овој закон не е ниту врвот на сантата лед, премногу да смета дека Парламентот само треба да и ги дава овластувањата. Се прашувам навистина за што служиме ние, да ви ги дадема карт-бланш! Извинете, тоа не е демократски. Извинете тоа не значи контрола. Јас не видов, освен ако сум пропуштил во читањето, каде вие не информирате за степенот на остварување. Дури замислете - сега ќе дојдеме и на тоа, меѓутоа, претседателе, морам да направам комуникација со членот 5 - десетгодишната стратегија ја утврдувате вие. Па што сме ние? Собранието не утврдува десетгодишна стратегија за рамномерен регионален развој и после вие ќе ни дојдете до Буџет и ќе кажете финансирам пат во општина Липково. Ние мора да знаеме дека тој пат е во некоја стратегија која сме ја утврдиле, која во идните три години ќе обезбеди нешто во Липково. Да направиме уште една паралела. Таму каде што знам, во сферата на јавните финансии, фискалната тригодишна стратегија Парламентот ја добива со Буџетот, стратегијата за управување со јавен долг со Законот за јавен долг од 2005 година и оваа година ја донесовме, ја утврдува Парламент на Република Македонија. Значи ние утврдуваме тригодишни стратегии, а вие десетгодишни стратегии во сопствени региони со сопствени инструменти мислам дека сте затворен круг во кој ништо нема да направиме како држава. Се плашам дека вака поставени, па дури и одредбите со рамномерна распределба, ние наместо да имаме политика на рамномерен развој насочен кон регионите кои немаат рамномерен развој со просекот на Република Македонија, ќе достави на Владата овластување таа да одлучува како понатаму. Јас како пратеник не се согласувам да и ги дадеме на Владата тие овластувања, сакам лично да партиципирам во тоа. Јас ги претставувам граѓаните од 123 општини во изборна единица 3 и точно сакам да видам во кои региони ќе бидат тие општини, кои инструменти за нив ќе се однесуваат, кои таргети ќе се одредат, кои нивоа ќе се земат на бруто домашен производ, демографските, средствата по жител итн, зошто Владата да ги утврдува нив? Контролата треба да биде тука.

Второ, се плашам дека Владата ќе има политички мотиви во утврдувањето на ова. Сегашната распределба на средства на пример кои ќе влезат во ова согласно членот 5 и другите членови за распределба на водовод и канализација Владата ги направи врз политички критериуми. Ена ја одлуката во Службен весник, сите ја критикуваа. Ја критикуваа сите градоначалници, освен градоначлниците на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА еден исто како ниеден. А зошто ја критикуваа сите освен ВМРО-ДПМНЕ ? Затоа што политички сте

ги насочиле средстварта таму каде што имате градоначалници па дури и оној мој градоначалник во општина Аеродром вчера ми достави на врата весник во кој вас, условно да кажам, ве критикува дека сте му дале малку пари за канализација. Тоа се за рамномерен регионален развој, тоа го потикнува развојот, какво ниво на животен стандард без канализација и вода. Тука почнува, тука е алфа, а омега се дури инвестициите во економсите објекти. Ако нема канализација, немате инвестиции.

Ако така ги распределувате средствата, ако средствата за образование сте ги распределиле според она што е во Службен весник објавено, 80%, повторувам 80% во училишта во кои се учи на албански јазик во основно и средно образование, а ученици се 30-35%, тогаш зошто да верувам дека вие како Влада ќе го штитите интересот на граѓаните кои јас ги застапувам овде. Не го штитите? Во Изборна единица 3 инвестиции во образованието немате, во средно и основно образование, сите се префрлени во некои други општини. Во Изборна единица 3 што јас ја претставувам, инвестициите за водовод и канализација ги насочувате во општините каде што имате вие градоначалници од вашата политичка партија и сега со законот сакате уште да ставите надлежност од сега па натаму, за се во регионалниот развој да одлучувате вие. Кажете ми, согласно овој закон што сте ни го доставиле, после изгласувањето кога повторно ние ќе расправаме во Македонското Собрание за регионалниот развој, по кој повод, по кој акт. Се до едно имате уредено: Министерството, Бирото, Владата, дури и Советот на регионалните единици каде што се градоначалници доставува предлог до Владата, па Владата одлучува. Значи вие сте ставиле капа на се. И ако членот 5, кој почнува, го копа каналот кон владината надлежност за се, ни го доставувате овде на мала врата како кукавичко јајце и после помине целиот закон, апсолутно веќе не можам да ги претставувам интересите на гласачита за рамномерен регионален развој, цела надлежност ви ја давам на вас. Со тоа не се согласувам и затоа апелирам членот 5 да се прифати, затоа што тоа е првиот замаец кој на Владата ќе и ја одземе од под нозе чергата да прави што сака. Не само вашата Влада, туку секоја Влада. Секоја Влада е политизирана, секоја Влада што има само од една партија министри средствата ги распределува во државава во која живееме и на начинот на кој функционирате само на тие општини каде што има градоначалници. Еве, јас ве уверувам, сега не давате средства на Кочани за регионален развој на локалната самоуправа. Не дај боже на изборите 2009 година Кочани да добие градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ, ќе ги истурите парите таму. Значи вие не се грижите за Кочани, а се грижите за градоначалникот од ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, ќе го оставите претставништвото на пратениците кои сме тука Кочани да го претставуваме од Изборната единица 3, дваесет од сите политички партии, освен од колегите од албанските партии, таму не живее албанско население освен со некој исклучок, ќе имаме поинаков пристап, ќе се расправаме, ќе се бориме, ќе бараме да влезат, ќе вршиме притисок, ќе поднесуваме амандмани. Вака некако ми делува од членот 5 натаму почнуваме со голготата на македонскиот регионален развој во рацете на Владата. Во тоа не верувам. Не верувам уште заради нешто. Секој ден читаме во весници изјави дека Министерството за локална самопурава е грдото пајче во Владата - не министерот, Министерството - кое служи за урамнотежување на односите во Парламентот, па и господинот Коњаноски даде изјава, ако ми каже премиерот јас ќе си одам, нека дојде од ПДП ако е тоа добро за коалицијата итн. Ако клучната, регионалната димензија на економскиот развој ја даваме на министерство каде што служи за поткусурување на интересите меѓу коалиционите партнери, очигледно дека таму политичките партии во власта немаат свој интерес, не стојат цврсто. Да го прашате премиерот дали Министерството за финансии ќе го даде, ќе лупне на маса и ќе каже не го давам, тоа ми е клучно. Очигледно ова не е клучно. Ако не е клучно, дозволете и јас да верувам дека нема да ви биде кај вас клучна определелбата за регионите, туку ќе биде на нас во Парламентот клучна определбата за регионите и затоа да ни го вратите тоа што ни следува на нас со амандманот кој е поднесен од нашите колеги.

Господине претседателе, извинете ако можеби бев малку поемотивен, сакав и побрзо да зборувам. Инаку, саат време оваа дискусија во стенограм да се исчита ќе трае. Меѓутоа, мислам дека министерот греши што не го прифаќа, а емоциите произлегуваат од загриженоста, од ништо друго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Емоцијата е длабоко човечка работа, не треба да се извинувате за тоа.

За реплика се јавија господата Бесим Догани и Илија Димоски.

Повелете, реплика за господин Бесим Догани, три минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Јас не знам зошто секогаш пратениците од СДСМ ќе мораат да бидат тие кои излегуваат од темата на дискусија, така што од законот за рамномерен регионален развој разговараме за тоа колку финансиски се поддржани школите каде што учат поголем број на албански ученици. Господинот Поповски беше многу контрадикторен како и секогаш, прво вели дека ДПА има само еден градоначалник - еден како ниеден, така рече и самиот, во тоа не сакам да навлегувам дали е еден како без ниеден или каков е, ќе покаже неговата работа. Од друга страна вели, иако определбата на финансиските средства била партиска работа, сме давале многу финансии на

делот каде што се градоначалнициe албанци. Сега не знам во што е вистината.

Само знам дека господинот Поповски и целата пратеничка група на СДСМ ги боли нивната вистина, бидејќи тие на времето правеле вакви злоупотреби, јас сум сведок на владеење на градоначалник на ДПА во општина Гостивар каде Буџетот не можеше ни 20% да се надополни поради ваквите трикови на СДСМ, па сега мислат дека секоја идна Влада ќе работи по нивен терк, што нормално не е вистина. Не знам дали господинот Никола Поповски вака го искажува своето европско мислење, своето начело за европеизација на Република Македонија преку барање да се забранува или гетоизира делот каде што претежно живеат албанци, па му изгледаат многу инвестициите во образованието.

Господине Поповски, треба да бидете среќни што оваа Влада не прави само празни муабети и зборови за релаксирање на меѓуетнички односи и за европеизација на државата, туку тоа и го покажува практично со правична распределба на финансиските средства и инвестициите. Ова е начин на рамномерен регионален развој кој што практично се покажува не со зборови и со пријавување на 20 пратеника за еден ист амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господин Никола Поповски, повелете вашата минута.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господин Догани, со оглед дека не бивте прилично умерен во вашите зборови слушнете го и ова:

Од еден потпретседател на Собрание очекувам барем еднаш да се јави за збор за законот и да каже што мисли. А да се биде копија на својот партиски претпоставен е лесно и тоа обично бледа копија како што е господинот Догани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега реплика има господин Илија Димовски, повелете, вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас нема да се задржам на амандманот, туку ќе се задржам на дискусијата на колегата Поповски, поради тоа што репликата насочена кон тоа и втора причина, поради тоа што сметам дека амандманот воопшто не заслужи толкаво внимание колку што му се посвети денеска. Веројатно, тоа се прави од други причини.

Сакам да потенцирам неколку работи што ги истакна господинот Поповски, а се неточни.

Прво, дека Владата, во делот на основното и средно образование, капиталните инвестиции, им дава предност на градоначалниците кои се од своите редови, е неточен податок. Ќе го потврдам со бројки. За основно образование има 75 милиони денари. Околу 75 милиони денари. Од тие 75 милиони денари, господине Поповски точно 49.750.000 илјади одат во општини каде што градоначалници се од опозицијата. Пресметајте кој процент е тоа. Во делот на средно образование, предвидени се 59 милиони денари во општини каде што градоначалници се од опозицијата, одат 42.094.000 или вкупно од целата Програма околу 70% од средствата одат во општини каде што градоначалници се од опозиционите партии во Република Македонија. Овој податок треба да ви биде и вам јасен. Меѓутоа, го кажавам за да биде јасно и на јавноста за да флоскулите што ги употребувате се чисто политиканство и ништо повеќе.

И, за на крај, да ве негирам за тоа што претставува ваша информација за третата изборна единица. Во третата изборна единица градот Велес е најголем град. За Велес каде што градоначалник е од опозицијата од ЛДП, и Советот го има во владение вашата политичка партија, за образованието во делот на програмите за кои што вие дискутиравте има обезбедено околу 8 милиони денари, што претставува значаен процент. Имено, 6,5 милиони денари за изградба на едно училиште, каде што директор е од СДСМ и 1 милион денари за реконструкција на друго училиште каде што директорот е од ЛДП.

И на крајот, уште еден податок, колку да ве потсетам, дека во оваа година, во Буџетот на Република Македонија, за капитални инвестиции во образованието има за 100% повеќе средства отколку што имаше минатата година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

(Пратеникот Никола Поповски интервенира дека се јавил за збор пред пратеникот Верица Филипова)

Повелете, по втор пат за збор господин Никола Поповски, имате право.

**Никола Поповски:** Да по втор пат за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Јас тоа не го очекував, затоа ќе ми извинете.

**Никола Поповски:** Побарав збор, за да не ми титнете на 45-та секунда.

Прво, мене ме загрижува господинот Димовски што мисли дека овој амандман е небитен. Мислам дека воопшто не проникнал во суштината на законот. Ако тој мисли дека овој амандман е небитен, тогаш мислам дека господинот Димовски не навлегол во суштината на Законот за рамномерен регионален развој.

Или, по стариот добар обичај, господинот Димовски смета дека се што е предложено од Владата, како "Оче наш" за него е добро и нема потреба да размислува дали е предмет на интерес некој амандман.

Во врска со ова другото што го кажа, би било интересно господине Димовски, со оглед дека ги имате статистиките од образованието во рака, во таа распределба од 49 милиони за опозицијата, другото итн, да кажете од тие 49 милиони за опозицијата колку се за општините каде што е на власт ДУИ, а колку за општините каде на власт е СДСМ. Ако 80% одат во училишта каде се учи на албански, јасно е дека не можете да ги лоцирате кај власта. Затоа што градоначалниците, со

исклужок на еден, се сите од опозицијата, од ДУИ. Во таа замка вие немате потреба да објаснувате каде одат. Јасно е каде одат.

Министрите од ДПА се погрижиле, со оглед дека школите не ги градат градоначалниците, ги градат министрите за образование, ги распишуваат тендерите, тие се обидуваат да фатаат приклучок во општините сега, ако можат да го придобијат на своја страна мислењето на граѓаните. Затоа ги насочиле средствата каде што е ДУИ, за да може да ги гради ДПА, да го променат јавното мислење, што е сосема јасно.

Проблемот е што генералната распределба на средствата, вие како пратеник од општина Велес, треба да се загрижите што наместо преку Парламентот, поминуваат преку Владата. Затоа што еден ден може Владата да се смени и тогаш вие, како претставник на Велес, ако работите тргнат во обратна насока, ќе бидете тој кој ќе има потреба да објаснува дека и Велес има потреба од инвестиции. Еден од примерите за рамномерен регионален развој што овде законот го дефинира во регионите, што не е само економски, туку пишува културолошки, сега не можам да ги вадам членовите, на пример е состојбата со Театарот во Велес. Вие, таму не инвестирате господине Димовски и не се залагате за инвестирање од едноставна причина, заради надлежноста на тој театар од градоначалникот кој не е од вашата партија. Да беше обратно, мислам дека ќе направевте, наместо обновување на споменицитe на Крал Александар по Скопје, ќе направевте нешто и во Велес. Ама, тоа не го правите. Благодарама.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Флора Кадриу, вие имате реплика или збор?

Тогаш вие со репликата три минути, па потоа Димовски Илија со реплика три минути.

Повелете, вашите три минути.

**Флора Кадриу:** Благодарам претседателе.

Сметам дека е потребно да се реплицира, затоа што се укажува на тоа дека потпретседателот на Собранието всушност претставува бледа копија на неговиот претпоставен.

Ве молам господине Поповски, јас морам да реплицирам и да ви укажам на фактот дека имајќи го предвид фактот дека вие секогаш се трудите да бидете копија на вашиот претпоставен, сметате дека и другите се трудат да го направат истото.

Меѓутоа, да ви укажам на фактот дека токму вие сте бледа копија. Ние, воопшто, ниту еден од пратениците од ДПА воопшто не се трудиме да го имитираме или пак да личиме на нашиот претпоставен, имајќи предвид дека сите сме различни. Затоа се трудиме на наш индивидуален начин и со свој стил да укажуваме и да реагираме на дадени забелешки што сметаме дека треба да реагираме.

Инаку, укажувате на училишта и укажувате на фактот дека токму министерот е тој кој ќе инвестира во училишта, особено оние за Албанците. Ве молам, веќе 50 години бевте на власт и воопшто не сте инвестирале за албанските училишта. Сте сметале само за градење на сопствени бизниси, на крајот на краиштата. А ние го правиме токму спротивното. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Никола Поповски, со својата контрареплика на излагањето на Флора Кадриу, повелете.

**Никола Поповски:** Госпоѓа Кадриу, ве почитувам и симпатично изгледате кога настапувате. Ама, извинете и вие сте ептен бледа копија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, реплика има господин Илија Димовски. Повелете, вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам со аргументи, иако очигледно во ова Собрание дел од колегите, аргументите не ги употребуваат како средство за дискусија, туку лични дисквалификации употребуваат. Меѓутоа, тоа е стил на секој што треба да го има.

Прво сакам да потенцирам дека колегата Поповски, веројатно направи еден лапсус, што се надевам не е дел од неговата потсвест, кога кажа дека средствата биле за опозицијата. Не се за опозицијата средствата. Средствата се за општините каде што има градоначалници од опозицијата. Значи, тие пари не одат во опозицијата. Тие пари одат за граѓаните и за општините каде што градоначалници се од опозицијата.

Во поглед на тоа како се распределени средствата, Програмата излезе во “Службен весник” пред три недели. Колегата може да види колку средства има за Струмица, за Велес, за Карпош, Кочани итн, па сам да си направи анализа. Ќе види дека апсолутно е неточно тоа што го потенцираше.

А, во поглед на мојот град, јас можам да му кажам на господинот Никола Поповски дека после 15-16 години владеење од страна на СДС во мојот град нема апсолутно ништо направено и да не се секира што е тоа што ќе биде направено од страна на оваа власт.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Никола Поповски, вашата минута, повелете.

**Никола Поповски:** Ако зборувате во Парламентот може да ви се случи да направите лапсус. Меѓутоа, знаете зошто си дозволувам да направам лапсус? Затоа што сум уверен дека Владата го чува Рајот да не даде некое денарче и на опозицијата, па можам да си дозволам лапсус. Затоа и си го дозволувам. Не дај Боже Владата тоа да го послуша. Имаме добар чувар. Денар не давате кај опозицијата. Тоа, исто, да немате господине Димовски никаков проблем. И тие средства што ги давате, самите си ги припишувате. Премиерот оди да ги отвора

инвестициите во општините каде што градоначалник е од опозицијата. Случајно некој да не помисли дека Коцевски дал некој денар. Премиерот треба да оди таму да ги отвори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господин министре.

Се јавив за збор да го искажам и моето мислење по однос на овој амандман. Навистина е тешко кога човек ќе треба да зборува после Никола Поповски. И, колегата Поповски, после неговите суштински и брилијантни дискусии, е многу тешко да се зборува постојано, поради тоа што споредбата меѓу едниот и другиот ќе лебди во воздухот. Меѓутоа, сепак, сакам да го кажам и моето мислење за амандманот.

Веќе неколку часови дискутираме по вториот амандман од вкупно 60-тина амандмани на Законот за рамномерен регионален развој. Владата бараше по скратени рокови да се разгледа од страна на Собранието на Република Македонија. Скратени рокови значеа имање од само неколку часови за поднесување на амандмани, за доработка на законот, што е наше легитимно право и обврска како пратеници во Собранието на Република Македонија.

Нормално, првично беше оваа седница на Собранието закажана за 7 мај. Да се одржеше седницата на 7 мај, без тие скратени рокови, тоа е денешниот ден, повторно усогласувањето на овој закон со европската легислатива ќе беше во истиот термин и истиот рок, како и овој пат. Дали идејата беше навистина да се побрза со прифаќањето и донесувањето на овој закон од страна на Собранието на Република Македонија или пак идејата скратени рокови беше да се намали времето за доставување амандмани, односно немање време опозицијата да реагира на членовите, на законското решение предложено од страна на Владата. Судете сами. Кажав 7 мај е денеска, истиот ден кога и во нормална процедура и со нормални роковои требаше овде да го разгледуваме овој закон.

Денеска го образлагаме моментално вториот амандман, во кој се третирани планските региони од ставот 1 на овој член, единиците на НТЕС - 3 ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС.

Во нашиот амандман, во амандманот од СДС, бараме регионите да ги утврдува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на

Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници,

Денеска вие сте позиција. Денеска Владата на Република Македонија ја формира ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери. Утре, ние ќе бидеме позиција. Вие ќе бидете опозиција. Очекував, барем најмалку дека некој од вас ќе дискутира и ќе го брани овој амандман. Очекував дека нема самите ние, пратениците на Република Македонија да си даваме дел од своите законски надлежности на Владата. Бидејќи, како што реков, демократијата е област, демократијата е уредување во кое што се менуваат страните на владеење, може да има и експертска влада, може да има секаква влада, а ние пратениците сами ќе си го одземеме, со негласањето и непоминувањето на овој амандман, сами ќе си го одземеме правото да можеме да дискутираме и да ги менуваме регионите, регионалната поделба на Република Македонија.

Почитуваниот министер дискутираше дека поделбата на регионите била согласно Регулативата 1059/2003 од Европскиот парламент, односно од Европската унија.

Во текот на денешната расправа, господине министре погледав дел од оваа регулатива и тоа што вие тврдевте дека Владата нема да може сама и на своја рака да ги менува регионите. Никаде овде тоа не можев да го прочитам.

Во формирањето на региони НУЦ-1 е предвидено, согласно Европскиот парламент е предвидено да регионите имаат минимум три милиони максимум седум милиони жители. Со државиате каде што држава членка на Европската унија која ќе влезе во ниво НУЦ-2 регионите би имале минимум 800 илјади, максимум три милиони жители. За ниво НУЦ-3, каде е ставена Македонија, предвидено е минимум 150 илјади жители, максимум 800 илјади жители да имаат тие региони.

Математиката е егзактна наука. Македонија има два милиони жители, има предвидено 8 региони, а според оваа поделба значи дека имаме можност да ги креираме самите величината и припадноста на регионите.

Уште понатаму се вели дека секој први шест месеци на секоја година, членката ги доставува до Комисијата сите промени на компонентите од претходната година, ќе ги дава ефектите на НУЦ поделбата, на НУЦ -3 границите, согласно електросnки формат даден од Унијата. Значи, не се дадени еднаш за секогаш овие поделби на региони. Така што, ова што го тврдевте овде дека тие статистички 8 региони ќе бидат такви и не може понатаму да се предефинираат, воопшто не е точно.

Најверојатно не очекував, на некоја идна седница, согласно видувањата на нашата Влада, натамошна поделба на статистичките региони околу овој рамномерен регионален развој или какви уште не, не сакам да употребам некое полошо име, на региони, на поделба на Република Македонија.

Ние, господа пратеници, сами овде си го одземаме правото да дискутираме по таа поделба на Република Македонија на региони односно на Владата и даваме право сама по свое видување да ја дели Република Македонија на три региони. Тоа морам да го кажам, а што ќе значи, ќе видиме понатаму.

Зошто не сме задоволни од овој начин, зошто е нашата реакција како опозиција, зошто е нашата бојазност од реалната поделба.

Би сакала овде, господине претседателе, да направам една дигресија.

Сведоци сме деновиве на случувањата во едно такво јавно државно претпријатие односно акционерско друштво во сопственост на Владата, кое се вика ЕЛЕМ. Јас веќе овде неколку пати дискутирав за состојбите во тоа претпријатие. Овие два-три дена на виделина излезе што се случува таму. Директорот на претпријатието, како висок член на владеачкото мнозинство, на ВМРО-ДПМНЕ, член сегашен и на нивниот Извршен комитет, замислете, поставен на 26.09.2006 година на тоа директорско место, за само седум месеци успеал да потроши, да раскрчмари 500 илјади евра народни пари.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Јас мислам дека оваа дигресија не ви е коректна.

**Верица Филипова:** Мое право е почитуван претседателе.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Меѓутоа вистината има поголеми права од сите нас.

**Верица Филипова:** И наместо тој да одговара, одговара Надзорниот одбор на претпријатието. Смешни работи.

Овде потсетував, исто така, за вашето формулирање како тајна односно како доверливо, начинот на кој се работи во ЕЛЕМ, за да не разбере македонската јавност дека јавните набавки се вршат на тој начин што се крши Законот за јавни набавки, односно по 300 илјади евра месечно се договараат без тендер, ставивте печат доверливо. Начинот на кој се осигурува веќе шест месеци, имотот на ова акционерско друштво во сопственост на Владата не дозволивте да се изнесе во јавноста односно баравте да биде доверлив документ, како не би се разбрале финансиските дубиози во ова претпријатие. Еден жолт карто, втор жолт картон, до колку жолти картони ќе можете да ги толерирате вашите директори и вашите партиски челници да прават финансиски криминали и на крајот бил одговорен Надзорниот одбор и тоа не целиот. Ако во Надзорниот одбор има блиска роднина на некој владин функционер, тој не е виновен, тој не е одговорен, туку одговорни се само обичните смртници. Каква иронија. Што се нашиот народ слуша и ќе се изнаслуша, меѓутоа уште пожжлно е тоа што се трошат парите на даночните обврзници, народните пари, некој за 500 илјади евра да дава спонзорство, сметки во кафеани и тн.

Овој амандман повторно дава можност за политиканство во начинот на поделба на регионите во Република Македонија, повторно дава можност за политиканство и политичка формула за поделба на државните и на народните пари.

Всушност и со стратегијата за локален економски развој за општините Штип и Карбинци, јас сум претставник од изборната единица 3, пратеник од Штип. Со стратегијата за локален економски развој предвидено е штипскиот регион да е најпосакувано место на живеење со одржлив социо економски развој. Планирано е локалната економија да се развива во неколку точки, притоа да се нуди одржлив индустриски развој, да се постигне современо земјоделско производство, да се дојде до развој на човечки ресурси и институции потребни за овој регион, одржливо користење на природните ресурси и заштита на животната средина.

Почитувани колеги, како пратеник од општина Штип, како пратеник од изборна единица 3, овде всушност ги има уште неколку пратеници од нашиот регион, наша задача е да овозможиме спроведување на стратегијата за локален економски развој односно да овозможиме планираниот развој на општината да се реализира. Ако нашата ингеренција ја отстапиме, со начинот на гласање по овој амандман на Владата, бланко даваме поддршка на се што таму би сакале да спроведат без можност да реагираме, без можност да се слушне нашиот глас во спроведувањето на стратегиите, во моментот дискутирам за стратегијата за локален економски развој на општина Штип. Поради сето тоа мислам дека амандманот које предложен од група на пратеници од СДСМ треба да се прифати. Мислам дека со овој амандман суштински ќе се подобри верзијата на законот за рамномерен регионален развој. Убедена сум дека повторно гласањето ќе се подели на позиција и опозиција, повторно позицијата ќе си гласа како што и кажа Владата, опозицијата е гласа така како што мисли дека е исправно, меѓутоа барем народот можеше да ги слушне нашите забелешки, барем народот можеше да слушне за што се залагаме, па понатаму судот е си го донесуваат самите.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, а пратениците кои не се во салата да велзат во салата и да си ги заземат своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 17, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 алинеја 3 и за бришење на став 4, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

Само да напоменам, со амандманот во член 6 алинеја 3 од законот, пишува дека и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Подрачјата со специфични развојни потреби, нормално се детектирани во однос на Просторниот урбанистички план на Република Македонија. Меѓутоа има и други подрачја кои таму не се детектирани и нормално ќе бидат утврдени со закон. Да потсетам, на пример можеби има некои лизишта или подрачја кои често пати се поплавувани и тн., а тие не се предвидени согласно Просторниот план на Република Македонија.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Овој амандман поднесен од пратеничката група на СДСМ, кој се однесува на членот 6 став 2 алинеја 3 и на ставот 4 од членот 6, дел содржи од забелешките што говоревме и за претходниот и за вториот и за првиот амандман, што се однесува на бришењето на ставот 4.

Што се однесува на ставот 3 за кој и пред малку министерот, кој сега не ја следи расправата, во своето образложение даде аргументи зошто не се прифаќа односно даде некое негово видување на дефиницијата специфични развојни потреби, нашиот предлог е наместо ставот 3, да стои "други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон", да стои, како што предлагаме со овој амандман "други специфични развојни потреби утврдени односно дефинирани во Просторниот план на Република Македонија". Значи сметаме дека е многу посоодветно и пологично, смецифичните развојни потреби на планските региони да произлегуваат и да бидат утврдувани, така е многу попрецизно, со Просторниот план на Република Македонија, затоа што вака терминот-утврдени со закон, е премногу општ и апстрактен и остава простор за различни толкувања и одредени непрецизности при промена на законот.

Не се согласувам со образложението на министерот кој, како пример за специфични развојни потреби, барем јас така го разбрав, спомна различни клизишта, не знам други моменти и предизвикани ситуации од елементарни непогоди, на пример, не знам на што алудираше, меѓутоа не ми е некако сфатливо и логично толкувањето на министерот, на законот, дека спрецифични развојни потреби за одреден плански регион се на пример клизишта. Специфични развојни потреби е многу посоодветно и поиманентно да се предвидуваат и да се утврдуваат во простор, при донесувањето и да се дефинираат при донесувањето на Просторниот план за развој на Република Македонија. Затоа бараме место зборовите "утврдени со закон" да стојат зборовите "дефинирани со Просторниот план на Република Македонија".

Тоа дека апсолутно е нелогично дека специфични развојни потреби подразбираат на пример клизишта, како што го даде примерот министерот кога тоа му беше аргумент за да се одбие овој амандман.

Не може зборовите "утврдени со закон" да бидат попрецизни, односно соодветно да ги заменат зборовите " "Просторниот план на Република Македонија", бидејќи Просторниот план е документ, акт, стратегија, кој ги предвидува специфичните развојни потреби на регионите. Не може да биде специфична развојна потреба клизиште, а не знаеме дали хипотетички ќе се јави клизиште. Не може клизиштето да биде нешто што асоцира на развој. Клизиште е елементарна непогода која треба да се санира со одредени средства од општината односно државата, доколку треба да помогне на општината ако таа ги нема тие средства. Мислам дека министерот даде многу несоодветен пример со кој го одбива овој дел на амандманот.

Што се однесува до ставот 4 односно до вториот дел на овој амандман, СДСМ предлага да се брише целиот став кој говори дека Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Значи по којзнае кој пат ќе ја повториме опасноста од преседанот, свесниот преседан кој го прави Владата со ваква формулација на законот. Јас кога говорев и за претходниот амандман многу добро кажав дека и во наредните амандмани што ги имаме поднесено, нашите забелешки се однесуваат на тоа дека Владата премногу си дава самата на себе овластување со овој закон и во многу одредби, преку нивната примена сака да си обезбеди своја политичка контрла во овие подрачја во локалната самоуправа, кои се однесуваат за локалната самоуправа, односно преку овој закон за регионален развој. Навистина со овој став 4 кој предлагаме да се брише, Владата директно, без пардон сака да се наметне не само над Собранието, туку и директно да ја имплементира својата политика и својата политичка волја и со своето влијание, со законот да се даде можност да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Тоа не е добро затоа што говоревме, прво се нарушува уставниот принцип на поделба на власта, се нарушува исто така уставниот принцип на хиерархиска субординираност на властите, се нарушува исто така уставниот принцип, преку вакво решение, на принципот на контролната функција што ја има Собранието врз Владата и на крајот на краиштата се доведува во прашање воопшто постоењето на Собранието. И во претходната дискусија, за претходниот амандман рековме дека практично Парламентот се сведува на нешто што е нужно зло, на нешто што владеачкото мнозинство сака само формално да

помине низ Парламентот, по можност без многу критики и расправа од опозицијата.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Господине Кондарко, ве молам ќе продолжите после паузата. Ако имате уште малку да дискутирате продолжете, ако не ќе продолжите после паузата.

**Борис Кондарко:** Секако, ќе продолжам после паузата.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Давам пауза до 15,00 часот.

(по паузата седницата продолжи во 15,30 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Како што започнав пред паузата во врска со овој амандман на членот 6 од Законот за рамномерен регионален развој, говорев за првиот дел од амандманот со кој бараме интервенција во ставот, во алинеја 2, ставот 3, каде што предлагавме зборовите:"утврдени со закон", да се заменат со зборовите: "дефинирани во просторниот план на Република Македонија". Целата алинеја гласи, цитирам: "други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон". Значи, да не се повторувам, бидејќи само за овој дел од амандманот министерот кој и сега не ја следи расправата даде образложение кога го одби амандманот, дека овие специфични развојни потреби се сфаќаат како некои природни непогоди. Тогаш образложив дека не може тоа да се подведе под природни непогоди кога се мисли, кога членот 6 и главата говори за подрачја со специфични развојни потреби, а се дефинирани во законот за потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на специфични мерки и инструменти за поттикнување на рамномерен регионален развој. Значи, евентуални елементарни непогоди како што ги наведе во примерот министерот, не можат да се сметаат дека се однесуваат за поттикнување на рамномерниот регионален развој и дека поради тоа се воведуваат подрачја со специфични развојни потреби. Значи, тие специфични развојни потреби како што вели самиот член 6, ставот 2 алинеја 1 и 2, се однесуваат за пограничните рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот. Понатаму, подрачја со природни богатства и со културно наследство кои се заштитени со закон. Значи, никаде не станува збор за елементарни непогоди, или ќе го употребам примерот што го даде министерот, клизишта, бидејќи нема никаква логика овој закон не се однесува, или овој член, за елементарни непогоди, туку за специфични развојни потреби во смисла на поттикнување на рамномерниот регионален развој. Евентуални елементарни непогоди прво никој не може да ги предвиди, или и тие се спречуваат, односно се санираат со интервенции од страна на општините, или од страна на Буџетот на државата. Значи, тоа не е развој, тоа е интервенција, или тоа е спречување, или заштита. Значи, сосема е друга дикцијата или интенцијата на членот, се говори за сосема нешто друго, се говори за развој, а не за елементарни непогоди. Затоа во алинеја 3 од ставот 2 на членот 6 ние сметаме дека другите подрачја дефинирани согласно овој закон за специфични развојни потреби треба да стојат зборовите "дефинирани во просторниот план на Република Македонија, а не утврдени со закон. Затоа што оваа формулација сметаме дека е премногу општа и непрецизна што би можело да настанат одредени забуни, или неправилности при толкувањето, односно при примената на законот. Додека она што го предлагаме во амандманот, просторниот план на кој се повикуваме е документ, или акт со кој се определуваат овие приоритети за регионалниот развој, за различниот тек на регионалниот развој токму со овој документ. Затоа е потребно овој документ да биде вметнат, односно да се повикува законот со овој амандман доколку се прифати. Тоа е првиот дел од амандманот.

Вториот дел од амандманот за кој министерот изјаснувајќи се дека го одбива целиот амандман, воопшто не се осврна и воопшто не даде образложение зошто не го прифаќа амандманот во целина, односно ставот 4 од истиот член кој ние предлагаме да се брише, а кој гласи дека Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Што е суштината и која е позадината, која е намерата на Владата со една ваква одредба во законот со која си дава повторно прва и ингеренции, самата да одлучува за некои работи, неоправдано прескокнувајќи го притоа одлучувањето, односно расправата во Парламентот. Имено, донесувањето на таа листа на подрачја со специфични развојни потреби, Владата си го препишува како дискреционо право преку кое секогаш постои опасност, политичка опасност од злоупотреба на ова дискреционо право во функција на остварување на владината политика, или партиската волја во делот на локалната самоуправа поточно во делот на рамномерниот развој на локалната самоуправа на регионите.

Јас говорејќи за претходниот амандман кога говоревме дека развојните региони треба да ги определува Собранието, а не Владата, кажав дека Владата на таков начин се става над Собранието што е спротивно на Уставот како извршна власт над законодавната што се коси со многу уставни начела и со тоа практично Владата го става во подредена улога Собранието како нејзин извршител, односно орган кој треба да ја спроведува, или аминува нејзината волја. Тогаш реков, ако е така, тогаш се доведува во прашање и потребата од постоењето проформа на Собранието. А сега за овој амандман, бидејќи продолжува истиот тренд, би рекол дека се доведува во прашање и постоењето на закон.

Бидејќи илузорно е ние сега да глумиме демократија, дека донесуваме закони со кои регулираме некои работи и сакаме да подобриме некои работи. Меѓутоа, читајќи го законот се добива јасен впечаток дека законот е само покритие, односно алиби на Владата, дека Владата практично доминира со се и дека од желбата на Владата која во случајот и самата си го предлага законот зависат и решенијата и структурата на законот. Затоа кога веќе Владата одлучила да биде неприкосновена и доминантна, тогаш не и треба ни овој закон. Тогаш зошто е оваа расправа овде во Собранието, оваа дебата кога во секој момент Владата и вака и онака има 61 глас и секогаш може да ја надгласа опозицијата. Значи, намерата ни е не да и ги одземеме ингеренциите на Владата кои и следуваат по Устав, туку да спречиме Владата да ги одзема ингеренциите на Собранието кои му следуваат по Уставот. Ние како опозиција, како Собрание не сакаме да се наметнуваме над Владата, не сакаме да ја опструираме со овие амандмани работата на Владата, или не знам, да направиме полош закон. На против, сакаме со овој закон да воведеме демократски принципи кои ќе бидат решенија во законот, а не кои адхок ќе ги носи било која влада, или било која партија да се наоѓа на власт. Значи, во моментот е ВМРО ДПМНЕ на власт, меѓутоа овој закон треба под еднакво да се применува без разлика кој друг да биде на власт. Затоа не е добро што Владата на ваков начин од една страна суптилно, меѓутоа од друга страна безкрупулозно, не криејќи ги своите намери сака да завладее со се во Република Македонија. Значи, не може со закон да се пропишува само волјата на Владата. Мора да се респектираат мислењата и на останатите политички партии кои не се во власта, а кои имаат за цел навистина да понудат подобри решенија на овој закон и по објективни критериуми, односно да се намали можноста од злоупотреба и влијание на било која власт при примената на Законот за регионален развој. Затоа предлагаме со овој амандман да се брише целиот став каде што се вели дека Владата донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Во крајна линија дебатата во Собранието и мислењата и на останатите политички партии само можат конструктивно да придонесат со вакви амандмани за подобрување на законот. Имено, реков дека со ваквите решенија Владата директно крши неколку уставни начела. Имено, тоа е спротивно на поставеноста на уставното уредување и политичкиот систем во Република Македонија, односно принципот на поделба на власта помеѓу законодавна и извршна власт. Никој не го оспорува правото на Владата да предлага закони. Меѓутоа, Парламентот е тој што ги носи законите, а Владата е таа што се грижи за спроведувањето и извршувањето на законите. Во спротивно, навистина Парламентот Владата го претвора во едно нужно зло, ќе се повторам, кое што само преку парламентарното мнозинство ги аминува нејзините политички желби, притоа, не водејќи сметка за пошироките интереси на државата, односно кога се носат вака клучни закони како овој, бидејќи прв пат се носи во Република Македонија ваков закон со кој се регулира регионалниот развој, оваа материја не била законски регулирана, многу е битно да биде многу поиздржан овој закон за да оддолее на испитот на времето и во праксата да биде применлив пред се за изборите за локалната самоуправа, ако сакаме да имаме поразвиени општини. Имено, во спротивно не само што не е демократски Владата да се става над Собранието, туку и се доведува во прашање целта на локалната самоуправа, односно на децентрализацијата што како една од крупните реформи беше направена во минатите години во Република Македонија. Овој закон треба да биде продолжување на процесот или разработување на процесот, операционализирање на процесот на децентрализација, а не централизација од страна на Владата. Тогаш зошто ја правевме реформата, зошто се направи децентрализација во Република Македонија, за да преку вакви закони Владата со вакви одредби си ги приграби сите надлежности и таа да биде не водејќи сметка за интересите на општините на микро ниво, таа да биде таа што ќе ги носи и развојни и специфичните подрачја со специфични развојни потреби и регионите и стратегиите за тоа имаме амандмани и носителите кои се органи кои ќе го спроведуваат регионалниот развој. Имаме амандмани и за тоа. Значи, на сите овие пунктови во Законот Владата буквално става свои прсти и не дозволува да заживее вистинската, реалната, децентрализација во пракса. Тоа значи, локалните самоуправи, општините одлучуваат што е најдобро за нив.

Понатаму, се крши принципот, бидејќи говорев за уставните начела на хиерархија и субординација на власта. Парламентот е над Владата, а не обратно. За жал, пратениците од парламентарното мнозинство со својот сервилен на некој начин однос кон Владата само за да се дискутира афирмативно за предлозите што доаѓаат од Владата без ниту малку критика, или самокритика со цел да се исправат можеби некои ненамерни грешки на Владата и за побрзо да поминат законите во Собрание без многу дискусија, само гласаат на зелените копчиња за гласање. Понатаму, се крши принципот, уставниот принцип и затоа бараме да се брише овој став 4, на контролна функција која ја има Собранието врз Владата. Ако Владата со вакви одредби во законите посебно во овој закон, затоа што на многу места тоа провејува си доделува ингеренции самата на себе, за да диектно влијае на политиката, спроведувањето на законите си ги прилагодува на своите желби, тогаш каде е контролната функција на Парламентот. Значи, принципот на чекен баланс е да секогаш Парламентот прави супервизија и биде еден вид контролен механизам над работата на Владата. Во овој случај сите оние што ќе и се спротивстаат на Владата, посебно оние од парламентарното мнозинство не знам со каква санкција ќе бидат соочени доколку го напрват тоа.

Зошто се гуши дебатата во Парламентот за расправа за вака битни закони. Не е грев, па дури и пратениците од парламентарното мнозинство ако имаат некоја конструктивна забелешка, предлог, или сугестија, Владата и да ја прифати, или да ја признае својата грешка, ако навистина сакаме да правиме закони за кои велите дека се европски и дека ќе се приближиме кон европските стандарди кон ЕУ. Вака испаѓа навистина дека Владата може и без Собранието со декрет да ги донесува на седници на Влада законите далеку од очите на јавноста, далеку од некоја конструктивна дебата која би придонела единствено за подобрување на законите. Затоа е нашиот предлог да се брише ставот 4, затоа што сметаме дека со ваквите решенија во Законот преку кои Владата директно одлучува и влијае всушност се прави централизација и партизација на локалната самоуправа, посебно на овој закон кој се однесува за рамномерниот регионален развој. Затоа што се сомневаме дека секогаш Владата со своите одлуки постапувајќи по овој закон би била понаклонета кон оние локални самоуправи, општини, или градоначалници кои се избрани, или кои потекнуваат од владеачкото мнозинство. А со тоа нема да ја постигнете целта на законот да овој закон се применува подеднакво за сите региони во Република Македонија за да се оствари неговата суштина како што и насловот на законот за рамномерен регионален развој, а не за развој каков што Владата го посакува согласно нејзините политички, или партиски проценки.

Од сите погоре наведени причини, сметаме дека министерот треба да го прифати ваквиот амандман и да се корегира не само во овој амандман, туку и во сите оние амандмани кои следуваат. Оваа интенција Владата да не основано, неуставно си доделлува надлежности кои не значат функционалност и реална реформа на овој закон, туку напротив имаат единствена цел Владата да биде главен фактор во креирањето на локалнот регионален развој, а не таа улога да ја имаат самите општини, односно локалните самоуправи.

**Бесим Догани:** Ви благодарамгосподине Кондарко.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Членот 6 по мене е уште еден доказ дека законот треба да се врати во фаза на нацрт, затоа што членот како што е составен овде е неиздржлив и особено во контекст на членот 7 кој на некој начин е само продолжување составен дел на овој член 6, внесува одредена конфузија. Мислам дека дури се заканува да го измести законот од целите за кои треба да постои, а тоа е за рамномерен регионален развој. Дури јас би се повикал на една изјава на господинот Рен кога беше во Скопје, дури ако добро се сеќавам дали во овој, или во минатиот состав тој зборуваше тука на нашата говорница и директно ни соопшти дека од нас не се бараат брзи реформи кои се неспроведливи и кои не можат да функционираат, туку се бараат реформи кои се внимателни и кои функционираат.

Меѓутоа, мислам дека овој закон е суштинска спротивност на таа изјава на Европската комисија, па дури после вчерашните избори во Франција каде што десницата однесе мала, но во демократска смисла целосна победа, таа десница ќе ги користи таквите аргументи на Европската комисија во секоја можна мера за држави како Република Македонија да не можат да го остварат тоа што сите ние го сакаме за приближувањето кон Европската унија. Ако се чита внимателно членот 6, како што закон треба да се чита, а за жал ова Собрание не го прави тоа, ќе го видиме следното. Првата реченица на членот 6 во ставот 1 гласи: “за потребите на планирањето” и после има други зборови и продолжува реченицата: “за поттикнување рамномерен регионален развој се определуваат подрачја со специфични развојни потреби”. Значи законот ги дефинира овие подрачја уредени со член 6 како епицентар за водење политика на рамномерен регионален развој. Кога веќе ги дефинира како епицентар, тогаш што е првото прашање: кои се тие подрачја со специфични развојни потреби. Ако се тие суштината на рамномерен развој, тогаш дозволете дека првиот критериум во законот за некое подрачје да биде специфично подрачје треба да биде да е економски толку неразвиено или развиено под просекот што ќе влезе во критериумите на специфично подрачје. Тоа е суштината на законот. Подрачје кое не задоволува критериум на просек, се движи под просек и затоа треба да го стимулираме со законот за рамномерен регионален развој. Меѓутоа, видете Валдата што ни напишала: “подрачјата со специфични потреби во смисла на овој закон се: 1. погранични, 2. рурални, 3. ридско планински” и сега внимавајте “и други подрачја што заостануваат во развојот”.

Господин министер, господа пратеници, господа од Владата, подрачјата што заостануваат во развојот се епицентар на вашиот закон што сте го предложиле. Тоа не се селските подрачја, тоа не е Ново Село-Струмичко, едно од најбогатите села во Македонија. Тоа не е погранично, исто така Ново Село-Струмичко. По игра на случај можат да бидат, но генералното, основното решение што законот треба да го стимулира е тоа што вие сте го ставиле овде како резидуа, формулирано “други подрачја што заостануваат во развојот”. Наместо законот да вика подрачја со специфични развојни потреби во смисла на став 1 од овој член се: 1. Подрачја што заостануваат во развојот по индикатори кои ќе ги определи Парламентот или Владата - јас сум да ги определи Парламентот, тоа подоцна ќе биде расправа во некој друг член, па после по исклучок и погранични рурални, ридско планински и други подрачја, овде главното се става како друго, а комплементарното, резидуалното се става како главно. И сега ајде да видиме каков регионален развој ќе водиме ние.

Втората алинеја: “подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон”.

И третото: “други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон”.

Со закон наместо да се уредат подрачјата што заостануваат во развојот, кои пак ќе кажам се епицентар на овој закон, се уредува со владини одредби, а она што е трета алинеја после 7 наброени критериуми, да не ги повторувам, ридско планински, погранични, рурални, природни богатства, културно наследство и т.н., другите кои се недефинирани со закон, значи Парламентот, наместо Владата да ги уреди со одлука другите специфични подрачја, да и оставиме на Владата за други специфични подрачја, Парламентот да не се бави со ситниците, ние сме предложиле закон во кој главните подрачја ги уредува Владата, а резидуалните евентуално по исклучок Парламентот со закон, па јас се прашувам господине министер, во оваа држава кој е Парламентот, кој е Владата. Дали со закон се утврдуваат општите правила или исклучоците, дали Владата со подзаконски акти ги уредува исклучоците или општите акти. Во оваа држава се на глава застанало, со закон го уредувата тоа што не треба, планските региони ги уредува Владата, во ставот 4 предлог на овој амандман е да се брише: Владата утврдува листа цитирам “на подрачја со специфични развојни потреби”, Владата утврдува листа, а на крај со закон велиме други, внимавајте на зборот “други”, резидуално, не утврдува ни што значи други, под кои услови. Парламентот е ставен како резидуална институција во Република Македонија да ги утврди другите, а Владата ќе ги утврдува тие што се погранични, рурални и ридско планински, а главните, повторно под зборот “други” подрачја што заостануваат со развојот.

Повторувам, законот не се бави со друго, туку се бави со рамномерен регионален развој и ќе повторам уште еднаш, тоа што вие сте ставиле “други што заостануваат во развојот” е точка број 1 на овој член и тоа треба да се уреди кои произлегуваат од закон и кои се со закон квантифицирани. А вие сте ставиле во овој член листата дека се утврдува со одлука на Влада, дури не пишува ни кој правен акт, не знам како поминало во Законодавно-правната комисија ова. Владата донесува листа на подрачја -веројатно донесува одлука за подрачја или донесува акт, донесува листа. Се надевам дека во владиниот деловник имате уредено дека Владата донесува подзаконски акти, одлуки и листи, меѓу другото. Во закон утврдуваме дека Владата донесува листа, не донесува акт, меѓутоа, во ред, затоа Законодавно-правната комисија треба да си ја врши функцијата во овој Парламент, а не само просто надгласување да се случува таму и да добиваме извештаи дека се е во ред во овој Парламент. Затоа, во Владата наместо да брзаат таму каде што доцнат, да си ја употребат латинската поговорка што во превод значи “Брзај полека”. Зборувам за амандманот за бришење на член 4 и се повикувам на членот 7 кој следи и е комплементарен. “Основните критериуми се утврдуваат врз основа на” и е наброено: “степен на економска развиеност, демографски индекс, географска положба, степен на изграденост на техничка инфраструктура” - веројатно се мисли на материјална инфраструктура, бидејки јас не знам што значи поимот техничка инфраструктура. Можеби грешам, можеби има некој термин што не го познавам, меѓутоа сум убеден дека тоа во овој закон е вишок на збор и внимавајте: “вредноста на природното богатство и културното богатство”. Владата ќе одреди вредност на природно и културно богатство? Еве колку за информација, во Македонија од ослободувањето 1944 година до денес, освен мерење на бруто општествениот производ, вклучувајки ги и категориите кои во социјализмот важеа, а кои се нарекуваа национален производ, општествен производ и бруто општествен производ, кои сега заради напуштање на некои категории како “трудова теорија на вредност” се сменети во бруто општествен производ и бруто домашен производ, никогаш не е утврдено и квантифицирано по вредност националното богатство. Никогаш. Тоа од две причини: Прво, Државниот завод за статистика на Република Македонија никогаш не се опремил методолошки за да го направи тоа, а во цела екс Југославија, тие кои се економисти или од постара генерација кои учеле знаат дека имаше само еден хрватски академик, покојниот господин Иво Вински кој утврди методологија за процена на националното богатство, што е многу различно од националниот доход, меѓутоа која почна да се применува постепено и никогаш не доврши и ние не знаеме со какво квантифицирано национално богатство располагаме. Меѓутоа, Владата го зема природното богатствокако еден дел од националното богатство и го зема за критериум за определување на подрачја со специфични развојни потреби. Ние го немаме тоа од 1944 година до денес на национално ниво, а камо ли за општинско или како што вели во законот “погранично рурално, ридско планинско или друго село”. Значи Владата воведува критериуми кои не може никој да ги квантифицира во Македонија во идните 20 години, зашто не постојат во статистиката за тоа методологи и тоа е една од најтешките методи на проценка на општественото и националното богатство во статистиката, за разлика од тековното богатство што се изразува преку БДП, бруто домашниот и бруто националниот производ.

И да е уште пострашно, откако Владата се навлекува на членот 6 став 4, што со право господинот Ќуркчиев бара да се брише, тие да ја донесат листата на специфични подрачја, си ги става во наредниот член дека “поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата ги пропишува Владата”.

Значи, членот за кој разговараме да се брише со амандманот треба целосно да се преуреди, затоа што овде вели: “подрачја со специфични развојни потреби се пограничните”, нема Владата што

тука да расправа. Со закон уредила погранични подрачја, со закон уредила рурални подрачја - многу широка категорија, на која секој може да се повика дека е рурална средина и ридско планинска, а има таму критериуми, места со 750 - 800 метри надморска висина.

Веројатно членот 7 со индикаторите и поблиските критериуми ќе важи само за резидуата “други подрачја што заостануваат во развојот”, а тоа треба да е, ќе повторам, број 1, таму треба да ги насочиме средствата, таму треба да се бара рамномерниот регионален развој. Ако ги пренасочиме така, а не гледам тука можност, мислам дека законот стои ем на стаклени, ем на погрешни нозе, куца нога плус стаклена и на првиот чекор ќе пукне. Прво ги определува кои се, после кажува дека со закон се резидуалните, па после кажува дека со одлука на Влада подрачјата што заостануваат во развојот по нејасни критериуми кои опфаќаат економска развиеност. Економската развиеност во светот денес се мери, и во Македонија, со најмалку 50 показатели, почнувајќи од бруто домашен производ пер капита, по жител, од стапка на невработеност на територијата, па завршувајќи со софистицираните странски инвестиции по глава на жител, кредити по глава на жител, основни средства по глава на жител. 50-тина има, економската наука постојано извлекува нови и тука Владата си ставила уште една одредба “поблиски критериуми и индикатори”, што значи дека Владата ќе го задржи правото да определи, најпростоиот пример, дали бруто домашен производ по глава на жител ќе биде индикатор или не, наместо да го одредиме тоа со закон и второ, ќе го одреди индикаторот: 65% од просекот ќе биде индикатор или ќе биде 55% од просекот или 70% од просекот. Се сме и дале на Владата во раце, а таа на нас ни дава - замислете, “други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон”, кои ќе бидат 2% од подрачјата со кои се бави законот. Тие 2% се утврдуваат со закон, а главните работи Владата ги има во свои раце.

Мислам дека апсолутно министерот и Владата ни нудат закон кој нема издржаност. Господинот Кондарко зборуваше пред мене и направи една, претпоставувам јазична грешка, а со оглед на неговата професионална ориентација како правник и со оглед на неговите години, можеби и од немање доволно инфорамција и рече прв пат го уредуваме ова. Прво, во преодните одредби стои дека Законот е од 1993 година, значи не е прв пат, а да е уште подобра работата, Законот постои уште од времето на социјализмот и тоа со децении наназад, значи не уредуваме ништо ново. Меѓутоа, она што јас се сомневам е дека демократска Македонија ќе донесе полош закон од социјалистичка Македонија, што го имаше за исправање на регионалниот нерамномерен развој. Таа држава на која толку многу фрламе дрва и камења верувајте ми дека имаше изградено подобри механизми и подобри инструменти и подобар закон од овој. Јас очекував дека овој закон ќе го надмине тој закон и дека ќе оди чекор понатаму, ако таа држава го признавала Парламентот повеќе отколку извршната власт. Сега што да разговараме во демократска Македонија. Во социјализмот Парламентот имаше повеќе власт, утврдуваше основни критериуми, дури, ако добро се сеќавам и индикатори во законот. Ајде индикаторите да ги оставиме на Владата, ама основните поблиски критериуми да ги утврдува Владата? Тоа значи дека ние влегуваме во закон во кој од утре и кажуваме на Владата согласно член 6 став 2 алинеја 1 во групата “други што заостануваат во развојот” да си донесе критериуми поблиски со член 7, врз основа на тие поблиски критериуми и врз основа на член 7 став 2 да си донесе индикатори, врз основа на тие индикатори да донесе согласно член 6 став 4 што господинот Ќуркчиев бара да се брише со овој амандман листа на подрачја - зошто ни е законот? Прашувам господине министер. Преeска зборува 30 минути, господата од ДПА и од ВМРО-ДПМНЕ се фатија дали било ова и не добив ни една единствена реплика на сериозните забелешки на законот, ниту од Димовски, ниту од Кадриу, ниту од другите, а расправаме за сериозни работи.

Го прашувам министерот зошто ни кажувате да го уредиме ова со член 6 кога се е во владина надлежност, што уредуваме ние. Кажуваме дека ќе има критериуми кои Владата ќе ги утврди? Кажуваме дека ќе има индикатори кои Владата ќе ги утврди? Кажуваме дека ќе има листа која Владата ќе ја утврди? Тогаш само напишете една реченица: надлежностите за регионалниот развој со се друго се наоѓа во рацете на Владата. Ова е сосема изместено.

Второ, во Македонија нерамномерниот регионален развој не е структуиран така што тој да зафаќа микро региони. Тој не зафаќа микро региони, тој зафаќа цели региони. Нерамномерниот развој не се сведува на погранични, рурални, ридско планински и подрачја што заостануваат во развојот, тој се однесува на цели региони што заостануваат во развојот.

Имаше господинот Иванов, сеуште мислам дека тој имаше добра идеа дека треба да се прифати општината да биде носител на нерамномерниот регионален развој. Тој тоа го предложи во првата фаза, а Валдата остана глува на тоа. Сега ќе одиме со листа село по село. Регионалниот економски развој не можеме да го водиме на ниво како што е утврден во овој член 6 став 2. Апсолутно сум уверен дека не можеме да го водиме, затоа што донесува листа на подрачја во член 4, а подрачјата се утврдени во ставот 2. Тука се работи за поширoки средини, минимум една општина, а овде понатаму законот регулира но не сме дојдени до одредбите од членот 19, Совет за развој на плански региони и т.н., тие ќе висат во воздух. Таму формираме 20-тина нови органи. Бидејки Владата ја има донесено, тие се осум, 8 центри, 8 совети тоа е 16, шеснаесет нови органи само за ова се формирани со законот. А целиот член 6 базира на листа на населени места и подрачја, најчесто села.

Деловите кои се однесуваат на изграденост на техничката - јас сум убеден дека се мисли на материјалната - и на социјалната инфраструктура, деловите кои се однесуваат на основните критериуми за степенот на економска развиеност, демографски индекс и т.н., не можат да се мерат на микро средина. Се сомневам и 99% можам да кажам дека е така, еве оставам моја неинформираност 1%, нашата статистика нема показатели за бруто домашен производ во Македонија ниту по региони, ниту по општини. Имаме централни податоци.

Така што, мислам дека ваквото уситнување и играње на карта сето тоа Владата да го прави, па со оваа одредба листата на подрачја се ревидира секоја петта година, а од 2008 година законот важи, Владата да си бетонира од сега до 2013 година, прво извинете, ама мислам дека е претенциозно од една Влада тоа да го прави. Затоа што, со ваква слобода на членот 6 и дополнувања на него, членот 7, Владата има огромна слобода.

И, како мислите “еднаш на пет години”. Може после една година Владата да утврди критериум и нов индикатор. Па дури и постојниот критериум, стапка на невработеност, ако е повеќе од 40% во една, како што се вели овде, специфично развојно подрачје. Истата Влада или друга Влада после една година може да каже не 40% туку 36% невработеност. И, листата нема да се промени? Останува пет години иста? Не може да остане иста. Затоа што во листата автоматски некои општини отпаѓаат. Односно некои специфични развојни подрачја.

Така што, мислам дека Владата како да сака да бетонира една ситуација сега, и да си ја остави за во иднина, така како што она сака. Е така, тоа се уредува со закон, не со владини одлуки. Владини одлуки се оперативни, дневни. Ако сакате да бетонирате некои стратегии на пет години, на десет години, листи непроменливи итн, ќе дојдете со закон во Парламент. Па, ние ќе сакаме да разговараме малку кои се индикаторите и кои се критериумите на индикаторите.

Јас лично не би го дал за правото Министерството за локална самоуправа, мислам дека нема капацитет, сум бил во Владата, тоа господинот министер сигурно го знае, ако не го знае лошо за него, Министерството за локална самоуправа и Бирото немаат технички и човечки капацитет да го направат тоа што во членот 7 е зацртано. Не сакаме да робуваме на тоа.

Како што законот е предложен, прилично конфузен, ќе предложат и прилично конфузни критериуми, индикатори и после тоа настапува фазата на одлука на премиерот каде ќе одат парите, зашто ќе одат итн, кои пари, што значи 1%. 1% значи три милијарди и триста. Владата може да каже сите средства од Фондот за патишта што преку Буџетот се излеваат во овие, од член 6, подрачја, се средства за развој. Вака дефиниран, како што е законот. И, ќе рече, ете ги парите.

Во законот нема регулирано кои се тие средства за овие подрачја специфични. Вие можете цела програма за водовод и канализација, цела програма за основно образование, за средно образование, цела програма за социјални центри да ги ставите во критериумот на инвестирање. И тој 1% денеска практично го имаме 2%. Исфлрете само полиција, одбрана и уште некои ресори што имаат инвестиции во Буџетот, сето друго ќе го подведете под ова. Затоа што во критериумите сте ставиле техничка и социјална инфраструктура. Поттехничка, поматеријална структура од патишта нема. Сега, кои се тие средства, но на тоа ќе дојдеме понатаму, кога ќе дојде законот.

Не слушаме аргументи да не разубедат дека ова се прави во насока да нешто се случи. мислам дека имаме повеќе аргументи на сила. Не се прифаќа амандманот, не ни треба дебата, законот се предложи пред еден месец во Собранието, кој кажал, кој не кажал, сега се предложи веднаш, требале да се прифатат европските фондови. Нема да ги прифатите европските фондови со овој закон, и утре да се донесе. Прво, вам ви е нефункционален, второ Европската унија не може да дојде во Македонија. Не сте подготвени во другите ресори. И во овој ресор кој го предлага ова има општа неподготвеност. И тоа ни го кажуваа тие самите. Секоја изјава на амбасадорот е дека не сте подготвени. Според ова, зошто не брзате.

Извинете, ама закон со образложение во кое ниту еден одговор на овие прашања, па дури и да грешиме ние како пратеници, ама треба да не разувери некој, да стане и да каже не сте во право. Баш сакам да го прашам министерот, тој е надлежен за законот, ќе се донесе законот, тој треба да ги предложи критериумите.

Ве прашувам господине министре, дали критериумот БДП по глава на жител во подрачјата со специфични развојни потреби ќе го утврдите како критериум и кој ќе биде индикаторот? Ама, ако вие сега премолчите или станете и кажете да, ќе го утврдиме, за индикаторот ќе видиме, јас мислам дека немате политика. Во Парламентот се доаѓа со закон, да стане министерот овде и да каже - господине Поповски барате, ќе биде. Секое подрачје што заостанува во развојот ќе биде подрачје што главниот критериум ќе биде под 65% од просечниот БДП по глава на жител во Македонија за територијта во тоа подрачје.

Па, вториот критериум да биде број на вработени или невработени, тоа е комплементарно, едното го минусира другото најчесто, освен во општинини со различна староснa структура што посоти во Македонија. и да ни кажете кои критериуми ги имате во предвид.

Но, имам впечаток, сега да го донесеме законот па ќе видиме. Таа моја несигурност ме доведува во позиција постојано да барам што повеќе да уредиме овде, затоа што гледам дека Владата го нема чекрот после законот. А, тука има на крај преодни одредби од кои половина се однесуваат

на овој член 6 за кој сега зборувме со амандман - Владата во рок од три месеци, во рок од 4 месеци итн. Меѓутоа, заокружена програма за ова не гледам.

Затоа, додека не слушнеме поинаква аргументација, сите ние сме живи луѓе, можеби јас грешам нешто, можеби нешто испуштам, можеби нешто препотенцирам, меѓутоа кога ќе слушнам аргументација, можеби ќе се повлечам од сопственото мислење во сопствената глава, дека овој закон има некој чекор што ќе го направите. Меѓутоа, вака, одбивањето на амандманите - ова не се прифаќа, сите молчиме, некоја реплика ќе залута случајно, случајно ќе залута и тоа се однесува на сосема нешто друго од тоа што вие го зборувате, а не дава одговор на прашањата што ги покренувате, ние практично немаме дебата.

На крајот, ќе се заврши така. Немаме никаква извештајност. Јас не верувам дека ова ќе даде резултати вака како што е. Не верувам дека ќе даде резултати. Дури амандманот со кој господинот Ќуркчиев интервенира, за што сега разговараме, што го насочува “кон Просторниот план на Република Македонија”, по мене е недоволен чекор господине Ќуркчиев, меѓутоа во споредба со законов е доволен чекор. Затоа што, подобро е да го пишува тоа, имајќи предвид дека Просторниот план на Република Македонија го носи Собранието на Република Македонија, отколку да го оставиме во рацете на Владата со сите овие непознаници.

Завршувам со тоа со што почнав, апсолутно мислам дека е погрешна котацијата на законот со специфични развојни подрачја, ги дефинира како други, тие што заостануват во развојот. Тие треба да се столбот на овој закон. Од нив да се почне како алфа и да се заврши како омега. Сето друго е тесто или цемент лепено на арматурата на законот. А овде, мислам дека арматурата се лепи на цементот, ставен во средина, сосема обратно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Има збор господиот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Причината што ме натера да се јавам да дискуртирам за овој амандман лежи во образложението што министерот го даде кога го одби прифаќањето на овој амандман. Дозволете во кратки црти да изразам едно свое мислење по однос на дефинициите што се дадени во членот 6, а на кои всушност се однесува овој амандман за кој сум и јас предлагач. Повеќе пратеници сме.

Ако внимателно се прочита целиот закон, оснобено членот 6 во кој што се дефинира она за што денеска расправаме, специфични развони потреби на подрачја, подрачја со специфични развони потреби што се дефинира ни и особено на последниот дел, други порачја со специфични развојни подрачја утврдени со закон, имам впечаток на еден висок степен на неусогласеност на овој закон со една серија на закони кои на различни нивоа, во различни интензитети, со различни механизми, индиректно или директно ја регулира оваа материја.

Само да ги набројам, да посочам и ќе ги образложам на кратко за секој од нив.

Не гледам поврзаност со Законот за просторно планирање од кој што  потекнува Просторниот план. Во членот, а за тоа се однесува нашиот амандман, вели членот 6 став 2, алинеа 3, зборовите “утврдени со Закон”, се менуваат и гласат “дефинирани во Просторниот план на Република Македонија”. Самиот предлагач на законот, значи министерот, кој ја претставува Владата во други членови се повикува на Просторниот план. Вели, планирањето на регионалниот развој се врши со плански документи. Планските документи се усогласуваат со Просторниот план на Република Македонија. Тогаш, логично се поставува прашањето зошто другите подрачја со специфични развојни подрачја не се дефинираат со Просторниот план? Или, ако имаме разни аномалии или недостатоци при дефинирање на Просторниот план што е од извонредно стратешко значење за Република Македонија, а е во ингеренции на друго министерство за животна средина и порсторно планирање, се стекнува впечаток не само за неусогласеност на двата закони, туку и неусоглесеност или несинхронизираност помеѓу двете министерства, кои, секој од свој аспект има одредени овластувања и ингеренции во материјата што ја регулира овој закон.

Логичен е нашиот предлог, да се повикуваме на Просторниот план во кој што ќе се дефинираат специфичните развојни потреби. На тој начин ќе стане непотребен ставо 4 во членот 6, во кој што Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби, бидејќи тоа ќе биде регулирано во Просторниот план во кои што ќе бидат влезни параметри сите оние релевантни податоци за општините.

Тука доаѓаме до другиот закон, за што не гледам усогласеност. Тоа е Законот за територијална организација на Република Македонија каде се дефинирани 84 општини и градот Скопје, во кој што законодавецот, Собранието на Република Македонија свесно, при усвојувањето утврдил дека нема на почетокот сите да бидат со еднаков третман, со еднакви предиспозиции за развој на општината иако тоа со повеќе законски мерки и прописи им е дадено како надлежност и обврска за граѓаните кои живеат во тие општини.

Бидејќи ние имаме еднostепен систем на ингеренции на локалните самоуправи, се поставува прашањето на нееднаквиот степен на развој на општините, во што свесни сме влегле во давање на ингеренции, а од друга страна, подавајќи, еве грубо кажано, рака од страна на законодавецот за повлекување на оние општини во кои постојат поголем број причини да не го следат развојот на поразвиените општини, да се

даде соодветна помош. Всушност, целта на постоењето на овој закон што денеска го носиме е таа, барем така јас ја сфаќам.

Трето, усогласеност со Законот за локална самоуправа, во кој се дефинирани ингеренции Советот на општината односно на градоначалникот, односно на работните тела, на комисиите кои работат во склоп на Советот на општината и кои имаат обврска и задача да носат развојни планови за општината. Меѓу другото во Законот за локалната самоуправа можат да бидат интересовно организирани во регионални организации во две или повеќе општини, доколу во одредени општини оценат дека е тоа од заеднички интерес. Тоа е внесено индиректно во еден дел, но ако овде се дефинираат други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со Закон, за мене логично е да се постави прашањето кој е тој закон? Еден од овие што ги набројувам?

Понатаму, Законот за основно и Законот за средно образование, во кои се дадени големи ингеренции на локалната самоуправа, а образованието е еден од основните столбови на кој почива идниот развој на општината. Ние сме им дале одредена проекција при трансферирање на надлежностите на повеќе фази, во две фази на единиците на локалната самоуправа, меѓу другото и за создавање одредени развојни претпоставки на интегрирање помеѓу работодавците, училиштата, локалната самоуправа, што ќе дефинираат меѓу другото и нови образовни профили што ќе бидат носители на идниот технолошки или економски развој на општината.

Законот за социјална заштита, друга ингеренција што е дадена на локалната самоуправа после децентрализацијата, во која што се дефинирани и социјолошките аспекти на имплементација на уставните амандмани што ја третираат Република Македонија како социјална држава, во кое што се поткрепуваат послабите институционални форми за побрз и поинтезевен развој.

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде се дефинирани механизмите за прибирање на средства за остварување на зголемените ингеренции на локалните самопурави дадени после децентрализацијата. Каде е тој дел, таа компонента на поврзаност, оснобено што овде, по разни прилики, за разни закони, при донесување на Буџетот, или ребалансот на Буџетот, дебатираме за недостиг, хроничен недостиг на средства, особено во делот на образованите, инфраструктурата итн.

Да не ширам понатаму. Законот за градежно земјише, за што сеуште се кршат копјата помеѓу ЗЕЛС или единиците на локалната самоуправа и централната власт уште во почетокот на децентрализацијата каде едните бараат поголеми надлежности при доделување на градежното земјиште, централната власт со резерви ги прима тие заложби, со елементарни некогаш и недоволни објаснувања дека некои општини немаат достигнато основен степен на развиеност за да се доделат тие ингеренции. Каде е таа компонента во тој дел и тоа посебно за овој амандман што ние го нудиме? Јас мислам дека тоа треба да биде дефинирано во Просторниот план на Република Македонија, со сите овие вградени параметри, за да може овој закон, кога ќе се повика на Просторниот план и Просторниот план да биде основна база на податоци со што не Владата, туку Собранието, на предлог на Владата ќе донесе одреден стратешки план или плански документи како што предлагачот на законот го дефинирал во членот 9, значи, плански документи за регионалниот развој се: стратегија за регионален развој на Република Македонија и програма за развој на Планскиот регион. Добро е што во претходниот член е дефинирано дека планските документи се усогласуваат со Просторниот план.

Ако е ова така, ако во овие два члена сте ја согледале таа потреба, не гледам зошто има потреба да одбиете дека другите подрачја со специфични развојни потреби се дефинирани во Просторниот план. Мислам дека тоа не наведува на помислата дека треба да обрнеме многу посериозно внимание при изработката на Просторниот план.

Мој впечаток е, и кога на Комисијата го разгледувавме и во собраниската дебата го разгледувавме, не му посветивме доволно внимание на овој исклучително стратешки документ, на што согледуваме дека почиваат други клучни законски проекти за рамномерен регионален развој на цели региони и општините што се составни единици на тие региони.

И конечно, составен дел на амандманот е ставот 4 да се брише - Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Без некои претензии да се пофторам со претходните говорници во овој дел, ќе се надоврзам на оваа теза што ја кажувам.

Ако добро и внимателно се изработи Просторниот план, се поминат сите овие јавни дебати, вклученост на институциите, локалните самоуправи, поединци, научни работници итн при изработка на Просторниот план, како што е и дефинирано во Законот за просторно планирање тогаш нема да има потреба од вклученост на Владата на Република Македонија да донесе листа на подрачја со специфични развојни потреби. Тоа ќе биде дефинирано во тој стратешки документ, а Владата можеби заради остварување на соодветна динамика на имплементација на тој просторен план ќе му предлага на Собранието при разни законски форми, при носење на Буџетот, при носење на разни уредби со методологијата за распределба на средства за финансирање на единиците на локална самоуправа и за образованието, и за градба и за структурни потреби итн, да му предлага на Собранието, да не се повторувам со констатацијата на Никола Поповски кој што кажа, знажи нелогично е за еден мал сегмент Владата да има ингеренции да носи одредени уредби, а

Собранието да има ингеренции само во еден посебен мал дел.

Значи, логична е констатацијата дека став 4 треба да се брише бидејќи ако е утврдено во Просторниот план, тогаш очигледно е дека нема потреба, тоа секогаш во овие сензитивни политички времиња имплицира на висок степен на политизација во сите сегменти. Можеби тоа нема да биде точно при имплементација на овој закон, но искуствата досегашни покажаа дека политичката гарнитура на власт секогаш се меша во некои сегменти на разни степени и нивоа на имплементација на законските решенија. Едноставно нема еднаков аршин, нема еднаков третман кон сите општини. Секогаш политиката ќе има пресудно влијание во имплементација и на овие позитивни законски решенија.

За мене впечатокот е доколку не се прифати ваквото укажување на опозицијата тогаш ние ќе стекневме впечаток дека навистина се сака во некоја нова институционална форма да се предизвика уште поголема политизација или стекнување на претходни позиции, за две до две и пол години новите локални избори. Ќе има Владата одлични инструменти на располагање директно да се меша во волјата или во јавното мнение на населението преку разлижни форми, на недавање средства или давање средства, уценување или не уценување.

Тоа се моите размислувања и јас мислам дека треба да се усвои овој амандман ако сакаме да бидат отстранети овие сомневања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Гарамитчиоски.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Навистина не знам што е тоа ново што би можел да го кажам после овие две дискусии од еден час кога беа кажани сите аргументи зошто членот 6 од предложениот закон, кој што ги определува подрачјата со специфични развојни потреби едноставно е апсурден.

Ќе се обидам едноставно да кажам дека јас сум убеден, па и министерот и сите оние кои што учествувале во подготовка на овој законски проект знаат дека со ваквиот законски проект доколку се усвои и се донесе не може ништо друго да очекуваме во делот на развојот освен уназадување и таму каде што го има. Едноставно кажано пресериозни се пропустите кои што се направени за да можеме воопшто и да дискутираме. Ова пред се бидејќи бидејќи почнуваат и да се цитираат разно разни програми и проекти од Европската унија и доколку не се донесе, се разбира дека тоа не е точно, доколку не се донесе овој законски проект ќе пропаднат определени средства. Јас ќе се обидам да кажам нешто што можеби не беше кажано во досегашните дискусии кои што, со што ќе придонесат навистина министерот да го прифати овој амандман.

Имено така се случува и вообичаено е кога ќе се исклучи јавноста и кога сакаме нешто не транспарентно, набрзина, скоро да не речам во една фаза да го донесеме. Бидејќи има повеќе апсурди да го споменам првото.

Во став 2 алинеја 3 наместо “утврдени со закон” навистина ние предлагаме дека треба да стои “дефинирани во Просторниот план на Република Македонија”. Зошто? Заради тоа што речиси идентичен е третманот на просторот во Просторниот план на Република Македонија кој што го носи Собранието на Република Македонија. Или замете го ставот 4 кој што треба апсолутно, без размислување, да се прифати и да се избрише. Уште еден друг нов апсурд, за кој апсолутно не е потребен коментар, а вели “ставот 5 од членот 6, листата на подрачја со специфични развојни потреби се ревидира секоја петта година.

Листата на подрачја со специфични развојни потреби е составен дел на Програмата за спроведување на Просторниот план на Република Македонија која се ревидира секоја втора година”. Ако се има ова во предвид апсолутно не треба да се размислува дали овој став не треба да биде избришан. Повеќе образложенија постојат.

Согласно член 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија “Владата на Република Македонија на предлог на Министерството надлежно за работите на просторното планирање донесува програма за спроведување на Просторниот план и програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од две години”. Значи, нема потреба да објаснуваме зошто овој член и овој став треба да бидат избришани.

Доколку го земеме Законот за просторно и урбанистичко планирање и го погледаме членот 6, меѓутоа уште подобро ако го погледнеме членот 8 во кој што се вели “Просторен план на Република Македонија се донесува за територијата на цела република и претставува стратегија за просторен развој на републиката која дава насоки за намената, користењето, заштитата, уредувањето и унапредувањето со просторот на републиката кој дава насоки за намена, користење, заштита, организација, уредување итн”.

Во ставот 3 од истиот член стои дека Просторниот план на Република Македонија се изработува преку Просторен план на регион и Просторен план за подрачје од посебен интерес во државата односно во републиката.

Додека во член 9 се вели дека Просторниот план за регион и Просторниот план за подрачје од посебен интерес за Република Македонија се составни делови на Просторниот план на републиката кој се разработува или со кој се разработува Просторниот план на државата.

Просторниот план за регионот се изработува за подрачје кое претставува економска или функционална целина утврдена со Просторниот план.

Ставот 3 “Просторен план за подрачје од посебен интерес за републиката се изработува за нациолен парк или друга категорија на заштитено подрачје, акумулација или извори на вода, подрачје со огромна експлоатација на минерални суровини, инфраструктурни, сообраќајни, коридорни, енергетски, производни објекти или системи, мелиорациони и други системи и подрачја од значење за републиката и државата”.

Значи, сето ова, апсолутно, бидејќи го извршуваат најстручните луѓе во Република Македонија не важи и од утре ќе се состанат градоначалниците од неколку соседни општини и тие ќе го утврдат развојот и за нив нормално дека ќе важи ова кога го предвидува овој закон.

Почитуван министер, мислам дека апсолутно не треба да имате дилема дали овој член треба да биде прифатен заради тоа што ако навлеземе во една друга област во подготовките на планирањето, кое што вие го велите тогаш на сите треба да ни биде јасно дека за примена на член 6 од овој закон потребни се да се направат најмалку следните подготовки.

Најпрво треба да се подготви јасно и недвосмислено разбирање на надлежностите што апсолутно се така измешани во овој закон да допрва ќе постои конфликт во овој дел.

Во другиот дел ќе ни биде нивото на надлежности на државата,  и се разбира најважно за кое го носиме ова се локалните власти.

Предлагачот морал и треба сериозно да го разгледал статусот и влијанието на меѓуопштинската соработка во даден регион пред воопшто да започне процесот на планирањето. Ако се види каде лежи потенцијалот за меѓуопштинска соработка тогаш се воведува уште една категорија што дополнително ја потврдува тезата кај некои пратеници кои што велат дали ние всушност со овој закон воведувам двостепена локална самоуправа во Република Македонија на мала врата, а ќе не боли главата после извесен период.

Затоа регионите или регионалните совети можат да носат сериозни и погрешни чекори за кои што сите ние ќе се чудиме како е можно да сме ги предвиделе.

Општините кои учествуваат треба да се согласат дека меѓуопштинската соработка мора да се координира и во регионот за да се избегнат негативните влијание од одделни членови во дадениот регион.

И она што е особено важно, тоа е дека сериозна препорака е дека претходно мора да се спроведе анкета во регионот за да се определат сличните и различните карактеристики и проблеми во таа област. Дури и се предлага кој да го направи тоа. Да не бидат тоа лица од истиот регион итн, да бидат стручни, професионални, итн, едноставно кажано независни надворешни консултанти.

Апсолутно не треба да зборуваме за тоа дали треба да се определи колку е подготвен секој град во регионот какво ниво на капацитет содржи. Барем секој од поголемите градови во регионот и да помогне притоа да се обезбеди, направи, создаде еден стратешки план за економски развој.

Значи, листа на подрачја почитуван министер со специфични развојни потреби, која ја донесува Владата не треба секој граѓанин само да ја слуша и немо гледа и пожитува туку треба помалку и да се дискутира.

Вака како што е кажано јас не знам кој друг аргумент треба да го извадиме за да покажеме дека постојат голем број на апсурди во овој член и подобро е да предложите да биде избришан.

Едноставно не знам што друго да кажам освен дека очекувам некој одговор, хипотека и во претходната и во оваа Влада се слушнале укажувањата на опозицијата, дел од нив се вградени, многу нешта се дефинирани и повторно појаснети итн, меѓутоа она што воопшто не е појаснето е дека ќе биде регулирано со некаков подзаконски акт.

Мислам дека е голем пропуст во предлогот ова што Владата не ги утврдува критериумите за утврдување на степенот на развој односно на општините односно регионот и таа нормално, како и многу други нешта е оставена да се регулира со подзаконски акт.

За жал, гласно ќе кажам од оваа говорница дека се повеќе е присутен впечатокот дека барем во Република Македонија подзаконските акти сеуште се опасна алка за манипулација во рацете на Владата. Не може во еден законски проект да има повеќе од 30 подзаконски акти, а вкупно 60 члена кои што ја регулираат дадената материја.

Токму од тие причини, да не должам многу, за да дебатираме и по другите членови, кои што се надевам ќе бидат или се веќе разгледани од страна на предлагачот и ќе бидат прифатени и замолувам министерот уште еднаш да ги земе предвид сите укажувања кои што беа дадени од наша страна и да го прифати дадениот амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на вонредно малиот интерес околу дебатата за еден многу значаен Предлог закон кој пред нас е доставен од страна на министерот кој потекнува од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, а гледаме, да не ги насочувам сега камерите господине потпретседателе точно 7-8 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ тука се присутни. Еве го и 9-от пристигна и се надевам дека целта е повторно да бидеме обвинети за реконструктивност. Нема да ја прифатам таа логика. Кога јас можев многу време да работам, кога можев да обезбедам еден куп мислења и толкувања редно е не само да ме слушаат претставниците од владеачкото мнозинство, туку и господинот министер да не удостои со одговор на оние прашања кои ние тука ги отвараме за дебата.

Или пак, да требаше господинот министер да организита две или три јавни дебати, па потоа во елаборацијата да ни вели дека овој закон ќе биде донесен и исполнет е еден услов - широки јавни дебати. Требаше прво да ги седне парламентарците од ВМРО-ДПМНЕ да им го објасни значењето на овој закон. Сигурна сум и убедена сум дека ќе носиме многу поквалитетни законски решенија доколку дебатираме отворено, не само ние претставниците на опозицијата, туку се надевам дека парламентарците од владеачкото мнозинство барем го прочитале. Ако не друго, поради господинот министер.

Но, да не должам, зошто го поднесуваме овој амандман, ако целта на овој закон е да се нормира едно подрачје како што рамномерниот регионален развој, а во функција на позначајна и зацврстена улога на локалната самоуправа и општината во економскиот развој, значи ако овој закон предвидува стратегија, мерки и политики за регионален развој на локално ниво, претпоставувам, тогаш не можете да не уверите господине министре и потоа да не обвинувате дека слабо сме сфаќале.

Јас само едно тврдам, дека вие немате одговор, односно не сакате да кажете што нудите и каков локален односно регионален развој предвидувате со овој Предлог на закон, кога буквално, на секое ниво главен збор има Владата на Република Македонија. Имате ли одговори? Бидејќи молчењето е одговор, тоа им е јасно на македонските граѓани.

Значи, тоа што предвидуваме со овој амандман е, прво, кога ќе напишете во една алинеја "други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон", а не детерминирате кое и какво законско решение вие нудите, значи вие буквално оваа алинеја сте ја употребиле и е вишок. Па имајте доблест и избрешете ја.

Четвртиот став повторно предвидува, сигурна сум дека македонските граѓани ќе се согласат, пред нас се уште 56 амандмани, ќе видат на колку места сте предвиделе Владата да ја има најзначајната улога во рамномерниот регионален развој. Ги централизирате општините на овој начин и им одземате од ингеренциите кои започнавме да ги децентрализираме преку процесот на децентрализација. Тоа е јасно. Затоа молчите господине министре.

Значи, Владата на Република Македонија не може да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби:

Прво, без да предвидите во ова законско решение консултација со најповиканите, со Заедницата на единиците на локална самоуправа. Од што се плашите? Дека ќе ја поделите одговорноста и моќта? Значи, буквално се обидувате рамномерниот регионален развој да се контролира од еден центар од Владата на Република Македонија. Дури и на Министерството за локална самоуправа му се одземени многу ингеренции кои ги има, согласно Законот за органите на државната управа.

Затоа предлагаме овој став да се брише, да не постои, со оглед на тоа што веќе во следниот амандман многу јасно и децидно ќе побараме, исто како и во претходниот амандман, листата на подрачја со специфични развојни потреби да го носи законодавниот дом, да го гласаме ние пратениците како уставна категорија, претставници на граѓаните на Република Македонија. Сите ние доаѓаме од определени региони и сите подеднакво, без оглед на политичката опција, ќе се залагаме за правата и интересите на граѓаните кои ги претствуваме.

Од што се плашите госпдине минисер до колку стратегијата, листата на развојни потреби, планските региони ги гласа Собранието. Па, вие имате мнозинство, затоа сте власт, се плашите дека не ќе можете да ги соберете вашите пратеници за кворум? Нема друго објаснување додека молчите. Вие можете буквално да се потсмевате и да молчите. Верувајте, тоа е одговор. Немате одговор односно сакате да го скриете одговорот зошто го централизирате наново процесот на рамномерен регионален развој, бидејќи сите се согласивме дека има потреба од донесување на ваков закон, дека Македонија со својот кандидатски статус до колку претендира да тропне навистина пред вратите на Европската унија, мора да обезбеди нормативен акт за сите региони во државата подеднакво да имаат можност за развој. Тоа не може да го спроведувате преку централизирано управување не само со документ, она што е најбитно, со финансиските средства. Владата е извршна власт, има преголема моќ не заради друго, буквално Владата е таа која располага со парите на граѓаните. Уставот предвидува да има контрола над таа моќ. Механизам на контролата е Собранието на Република Македонија. Се што ќе донесеме спротивно на тоа, бидете убедени, дека ќе донесеме закон кој се коси со уставните принципи на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Бендевска.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Имајќи ја во предвид мојата дискусија во првата фаза од овој закон јас реагирав точно на овој член од законот во првата фаза точно на оној дел во кој се вели дека критериумите и индикаторите за одредување на подрачјата со специфични развојни потреби се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија по предлог на министерот за локална самоуправа.

Меѓутоа, моите забелешки тогаш и во другите членови се однесуваат на фактот дека во предложениот закон методите и начините за институционално усогласување и хармонизирање на ставовите, меѓутоа, и за суштинските работи кои се однесуваат односно кои го тангираат овој закон е оставено да се уреди со подзаконски акти или правилници, уредби, меѓутоа од страна на Владата.

Единствената измена која Владата ја направила во втората фаза на законот во насока на овие забелешки е дека не се амнестирала себеси од обврските кои си ги дала, а кои реално не и припаѓаат во оваа смисла, туку уште повеќе го избришала Министерството за локална самоуправа како институција која дава предлози и сугестии. Јас навистина се прашувам како со сигнал би можело тоа да биде од страна на Владата, дали тоа значи дека Владата не смета дека Министерството за локална самоуправа е институција која треба да биде меродавна за овие прашања, дали планира можеби да го укинува Министерството за локална самоуправа заради тоа што Владата си презема ингеренции на Министерството за локална самоуправа од една страна, а од друга страна ингеренции кои природно му припаѓаат на Собранието на Република Македонија.

Тоа што го зборував пред неколку седници кога бевме доведени во ситуација, покрај предлогот што го имавме дадено за измени и дополнувања на Законот за високо образование во делот на нострификација односно еквиваленција на странските дипломи во Република Македонија кога Владата испаничена од можноста предлог на опозицијата да биде прифатен од страна на Собранието и по итна постапка предложи измени во Законот за високо образование кои ги тангираат истите одредби и за тоа инсистираше по итна постапка да расправаме на Владата покажа и покажува со овој гест во овој закон дека Владата едноставно не може да поднесе други институции да имаат надлежност, не може да поднесе други да даваат предлози за одредени решенија, не може да прифати дека пратеници можат да предлагаат закони и амандмани кои можат да бидат во функција на подобрување на состојбите во државата и покажува со тоа дека имаме една тоталитарна матрица која упорно, но сигурно работи на тоа ингеренциите кои му припаѓаат и на други институции и на Собранието на Република Македонија да ги преземе во свои раце.

Бидете убедени дека ова ќе биде регистрирано и маркирано како обид за гушење на демократските процеси во Република Македонија и практично упад во институциите и упад во функционирањето на Собранието на Република Македонија.

И сега постои загриженост дека Владата се поставува над Собранието во одредени аспекти, прашања кои долги години не сме успеале да ги надминеме, меѓутоа, никогаш не сме имале волку флагрантно однесување од страна на Владата во насока на намалување на ингеренциите на Собранието на Република Македонија, во насока на понижување на Собранието на Република Македонија, во крајна линија во насока на понижување на институцијата пратеник. Мислам дека е тоа нешто што би требало сите да не загрижи, најмногу пратениците од парламентарното мнозинство заради тоа што, се разбира, дека ќе бидат најповикани од страна на граѓаните да објаснат зошто некои процеси се случуваат така како што се случуваат.

Несакајќи да ги повторувам аргументите на моите колеги, сакам само да укажам дека со овој закон практично Владата на Република Македонија си остава простор да одлучува сама за едно суштинско прашање, како што е рамномерниот регионален развој, без да го консултира ЗЕЛС исто како што не е консултиран за решенијата во овој закон, тоа го зборував и во првата фаза што е прилично сериозно прашање заради тоа што ЗЕЛС е организиран токму заради тоа да биде партнер на Владата за вакви важни прашања, особено прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

Уште еднаш ќе повторам, загрижува тенденцијата за апсолутистичко и тоталитарно владеење на Владата на Република Македонија и со тоа се надевам дека ќе бидете подготвени да се носите и како министри и како пратеници во овој парламентарен состав. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да гласаме.

(Минуваат минути на чекање на кворум).

Уште еднаш ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Истовремено би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Бидејќи во салата се присутни доволен број пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 12, воздржано гласаа 2, против гласаа 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Борис Кондарко, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Никола Ќуркчиев, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Грковска Славица, процедурално, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе,

Јас морам да реагирам, затоа што во текот на расправата на овој многу важен амандман по законот за рамномерен регионален развој, кој што е еден од законите од Европската агенда, ние бевме доведени во ситуација да дискутираме во празна сала. Наидовме на комплетна незаинтересираност со пратениците на парламентарното мнозинство и бевме доведени во ситуација да чекаме речиси 10 минути пратениците од парламентарното мнозинство да се соберат и да обезбедат кворум, за да може да го гласаме амандманот и да продолжиме со работа. Ова е крајно несериозно, особено кога станува збор за законите од европската агенда, меѓутоа и не само заради нив, заради тоа што ваквото однесување на пратениците од парламентарното мнозинство, стана редовна пракса.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Иако, ова госпоѓице Грковска, не беше процедурално и нема ништо во врска со процедурата, сепак јас во ваше име ќе ги замолам пратениците ако се волни и желни да ве послушаат.

По амандманот има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, почитуван министре,

Како одминува расправата по однос на амандманите и на овој закон, за жал, се повеќе се наметнува впечатокот дека ќе добие законот многу голема политичка конотација, а всушност разговараме за системски закон во кој што предлагаме како партија конкретни решенија, со цел за подобрување на текстот на законот за рамномерен регионален развој. Ме изненадува таквото однесување на Владата, посебно ме изненадува однесувањето на владеачкото мнозинство, бидејќи целта на овој закон е да се обезбеди во крајна линија што поголема поддршка при неговото донесување, како би можеле полесно да се имплементиа и да се создаде една атмосфера во која што ќе се сфати што всушност се сака да се постигне со овој закон. Но, бидејќи досега сите наши амандмани се одбиени, при тоа образложенијата кои што се даваат од страна на Владата во најмала рака се или не се прифаќаат или некои штури образложенија, сепак, мислам дека се прави голема грешка кога вака на сила, имајќи ја предвид само моќта на повеќето гласови, се носи закон кој што е многубитен, а Владата се изјасни дека е системски и кој што во иднина доколку се направи квалитетен закон може многу да придонесе за развојот на Република Македонија, посебно во делот на рамномерниот развој на одредени подрачја.

Но, очигледно Владата сака да ги држи сите конци во свои раце, очигледно е дека и се потребни проекти на Владата и ништо повеќе од локалната самоуправа. Владата не сака да има партнери при спроведувањето на овој закон, затоа што се сака да се решава, да се креира, да се донесува од страна на Владата и да се спроведува од страна на Владата, што е еден многу чуден процес. Парламентот преку овој закон, иако е системски, се става во втор план.

Со овој амандман се предлага листата на подрачја со специфични развојни потреби да ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Интенцијата, намерата при предлагањето на овој амандман беше, пред се, да се даде на транспарентност во процесот на утврдување на овие подрачја, како и во целиот процес на спроведувањето на одредбите на овој закон. Повторно ќе кажам дека, за жал, не се прифаќа ваквиот начин на размислување од наша страна односно овде во Собранието да се отвори дебата кои се тие подрачја со специфични развојни потреби, по кои критериуми се утврдени, зошто, дали постојат уште некои, нема да има отворена дебата во Собранието, а предходно веќе кажавме дека ние сме избрани на непосредни избори од граѓаните и ние го носиме мандатот од страна на граѓаните. Владата е таа што има мандат даден од Собранието. Не ја разбирам потребата за вакви прашања, кои што тангираат или се важни за одредени подрачја, општини и региони, да не може пратениците да расправаат по иститe и да ги утврдуваат подрачјата со специфични развојни потреби. Значи, се елиминира елементот на танспарентност и тоа ќе биде голем хендикеп за Владата и ќе треба многу да објаснува зошто, како и кои подрачја ги утврдила како такви, по кој основ, врз кои критериуми им поделила средства, ако имаме предвид дека со овој закон е предвидено најмалку околу 10 милиони евра да се работодавецот аспределуваат само на подрачјата со специфични развојни потреби од делот на зафаќањата кои што ќе се однесуваат на рамномерниот регионален развој. Значи, голема сума на пари, голема одговорност, но и голема можност некои подрачја да се развијат. Но, сепак, сметам дека со тоа што не се отвора расправа овде во Парламентот, во Собранието за ова прашање во голема мерка ќе се подведе под знак сомнеж распределбата на средствата, прво, утврдувањето на подрачјата, а потоа и распределбата и на средствата бидејќи до сега се покажа Владата во неколку наврати повеќе средствата ги дели по партиски клуч, по политички линии, отколку по некои реални критериуми.

Повторно ќе кажам, Владата не сака транспарентност во работењето, таа е транспарентна само кога нешто бара од граѓаните, па гледаме во весниците еден куп повици, огласи за да се вклучат граѓаните во историска шанса, единствена шанса да ги намалат прописите. Но, кога се бара одговор од Владата за тоа што сработила и како сработила, немаме од другата страна никакви информации. Немаме информации колку кошта кампањата Инвестирање во Македонија, немаме одговор на

прашањето или се доби после долго време колку земаат советниците на премиерот, колку чини кампањата Добра фризура, итн. Истото се однесува на амандманот, само зборуваме за еден принцип кој што се предлага да се воведе со амандманот, тоа е принципот на транспарентност или јавност во работата. Со ваквото законско предложено решение од страна на Министерството и од Владата, во голема мерка овој закон или неговото спроведување ќе бидат задскриени под тајност и никогаш Владата само тогаш кога ќе цени или кога ќе има голем притисок ќе објасни за одредени свои постапки, како што претходно кажавме, бидејќи не сака да дава отчет, за тоа како се трошат парите на граѓаните. Зборував за некои примери, еве само уште да го додадам примерот колку се плаќа за имотите на министрите од странство. Мислам дека сите ваквата тенденција треба да не загрижи и мислам дека треба амандманот да се усвои. Не е ништо страшно ако во Парламентот се отвори дебата за тоа кои се тие подрачја. Повторно е Владата таа која што ќе ги предложи до Собранието, ние ќе отвориме дебата и можеме само да го подигнеме квалитетот на тој предлог на таа листа, а во никој случај да ја измениме суштински одлуката на Владата. Но, повторно од за мене разбирливи причини, се надевам дека и граѓаните ќе ја сфаќат Владата дека има проблем со транспарентноста и јавноста во работењето и не прифаќа вакви предлози од страна на Парламентот. Затоа, ги повикувам пратениците, без оглед на која партија припаѓаат, да го прифатат овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Потпретседателе, јас ќе бидам краток, немам намера ни да одолговлекувам, ниту да се повторувам со други пратеници, но, за јавноста да се знае што е овој амандман. Значи, претходно не се усвои барањето Собранието да учествува. Да се брише став 4 од член 6. Сега да повторам за јавноста, ние предлагаме Собранието на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Владата на Република Македонија. Во предлогот на законот стои “Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби”. Зошто ова го даваме, бидејќи се сомневаме дека, прво, се одземаат ингеренциите на Собранието. Мене не ми е јасно како пратениците, иако се од владеачко мнозинство се согласуваат Владата да им ги одземе ингеренциите кои што им припаѓаат по Устав.

Второ, се отвора можност за висок степен на политизација на процесот, бидејќи Владата може, се разбира, преку парламентарното мнозинство кое што ја поддржува секако да ги донесе предлог на листите со оние критериуми и желби кои што се дефинирани. Значи, отвора простор за сомневање за нетранспарентност во постапката, бидејќи ние тоа ќе го прочитаме во “Службен весник” откако ќе биде донесено нема да има можност за дебата, нема да има можност за предлози, сугестии, нови типови на решенија кои што ќе бидат понудени во овој собраниски дом и во крајна линија се плашиме, а знаеме дека нема да бидат усвоени од мнозинството и се плашиме од реакциите на јавноста, се плашиме од пад на рејтингот или што? Бидејќи, ако Собранието се изземе од оваа одлука и се остави во рацете на Владата, тогаш навистина се преземаат огромни компетенции, права, а обврските секогаш можат да бидат забошотени и пак да се повторам со претходното мое сомневање. Ова е одличен механизам за директна интервенција врз расположението на населението при наредните локални избори. Со недавање средства или пак фаворизирање на одредени региони фала богу во Македонија голем дел на регионите се навистина со низок степен на развиеност, особено малите општини со поголем дел на рурално население. Јавна тајна е дека тие секогаш очекуваат во својот буџет помош на крајот на годината при распределба на средствата. Значи, за Владата навистина во овој момент разбирам зошто министерот не го прифаќа овој амандман. Па, тој е член на Владата, тој сака повисок степен на ингеренции и јас така би играл. Но, пратениците доброволно да се согласуваат Владата во нивно име да одлучува и да расправа, ова веќе станува опасна пракса во политичкиот амбиент на Република Македонија. Веќе по низа прашања од областа на законодавството се судруваме со овој проблем и ќе се судираме во иднина со серијата на закони што сега ќе следат во блиска иднина. Јас нема да ги повикам, самите тие нека одлучат и нека и објаснат на јавноста и нека му објаснат на населението кое што ги поддржува, а доаѓаат од тие средини таму, зошто доброволно се откажуваат од ингеренциите кои што им се дадени по Устав. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Ќе ризикувам да се повторам, но ќе бидам кратка, јасна и концизна. Се заради правилно, транспарентно информирање на граѓаните на Република Македонија. Мене ми е комплетно и совршено јасно дека колегите од владеачкото мнозинство не само што не не слушаат и не се заинтересирани, туку се обидуваат да ја намалат нашата концентрација. Но, трудот што сме го вложиле како опозициони пратеници, верувајте до крај ќе го докажеме.

Овој амандман кој го поднесуваме, наместо Владата на Република Македонија да ја донесува листата на подрачја со специфични работи, тоа да е обврска на Собранието на Република Македонија, а врз претходен предлог од Владата на Република Македонија, сметаме дека е амандман кој има своја уставна основа. Во рака го држам Уставот на Република Македонија. И, нема да кажам, почитувани колеги, колегите читаат

весници и се занимаваат со нешто што во овој момент претпоставувам им е многу побитно. Во нивната партија за многу брзо време следува едно радосно доживување. Значи, членот 68 од Уставот ги детерминира ингеренциите на Собранието на Република Македонија. Алинејата 18 гласи "Собранието на Република Македонија врши други работи утврдени со овој Устав". Член 57 предвидува "Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен, просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја". Тоа е основата на овој Предлог закон и заради ова сметаме дека токму последната алинеја од ингеренциите на Собранието, Собранието да ги врши работите утврдени со овој Устав е комплетна поддршка на нашиот амандман.

Почитувани колеги, ова Собрание согласно своите ингеренции, по стоти пат ќе повторам, има мандат уставно загарантиран да врши политичка контрола и надзор врз Владата, а не обратно. За жал, осум месеци Владата се обидува да ги узурпира нашите права и обврски уставно донесени, дајте да престанеме со таа пракса, бидејќи не само што нема да личиме на земја кандидат за влез во ЕУ, ние се повеќе ќе навикуваме на Куба, на Белорусија, недај боже на Северна Кореја. Не може Владата да обавува работи кои не се предвидени во овој Устав. Тоа е наша работа. Не може на Владата да и довериме со свои сопствени акти и одлуки, кои ќе ги објави или нема да ги објави во "Службен весник", комплетно ќе зависи развојот во Република Македонија на регионално и локално ниво. Апсурд е, нонсенс е, бидејќи верувајте истата таа Влада еден ден ќе донесе одлука со која ќе почне, ќе се овласти самата себе да донесува и закони. И, тогаш ќе престане парламентарната демократија во Република Македонија. Значи, само да повторам и во интерес на информирањето. Предвидено е Владата да ги донесува планските региони, предвидено е Владата да ја донесува листата за подрачја со специфични развојни потреби итн. Во секој амандман предвидено е Владата да ги врши нашите овластувања, овластувањето на Собранието на Република Македонија.

Ќе се повторам од минатата моја дискусија, не се плашете. Го имате вашето мнозинство, доколку, си обезбедите кворум, што се поретко и поретко ви се случуваат. Ние сме тука, и не само што сме тука, ние дебатираме. Очигледно е дека сме работеле. Јас не слушнав, за жал, не само за овој предлог закон, ниедна дебата од страна од пратеник од владеачкото мнозинство. Што значи тоа? Не ги читате законите? Немате квалитетни предлози? Немате намера да дебатираме во функција на донесување на добри закони.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, зборувајте за амандманот.

**Весна Бендевска:** Токму за амандманот разговарам. Собранието да ја донесува листата на подрачја со специфични развојни потреби. Токму за тоа, почитуван потпретседателе, зборувам. Јас очекував, бидејќи вие сте пратеник. На пример и од вас да чуеме некој конструктивен предлог. Но, за жал, не можеме да донесуваме квалитетни закони не можеме да вршиме контрола доколку со молчење аминуваме на секој предлог Владата се повеќе и повеќе да ги зголемува своите ингеренции на товар на ингеренциите на пратениците во Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници.

Овој амандман што е предложен од пратеничката група на СДСМ заслужува внимание. Владата уште со неприфаќањето на претходните амандмани, или на невградување вакви механизми во текстот на законот, со кои ќе има контрола помеѓу Собранието на Република Македонија и Владата, ја покажа сопствената намера во однос на градењето на Република Македонија токму во овој сегмент на регионалниот развој.

За сите амандмани за кои до сега говоревте, па и воопштиот претрес по текстот на законот, Собрание е констатира дека се сака доминацијата во тој поглед да ја има Владата на Република Македонија, без некакви посебни аргументи, едноставно со фаворизирање на одредени подрачја што во Република Македонија се од исклучиво дневно политички цели и интереси на парламентарното мнозинство. Меѓутоа со овој амандман ние сакаме да постигнеме еден принцип во Република Македонија, реков, на контрола меѓу Собранието и Владата. Од тука е мојата зачуденсот, меѓутоа и загриженост што пратениците не покажуваат некој посебен интерес во делот на одбраната на дигнитетот на ова Собрание и на сопствената позиција и постојано во овие 7 месеци се доведуваме во ситуација да изигруваме инструмент на Владата на Република Македонија, што е спротивно на парламентарната демократија.

Како што предлагавме и овие региони да ги утврдува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата, со аргументи што ги изнесовме, исто така предлагаме и ова Собрание да донесува одлука за утврдувањето на листата за подрачјата со специфични развојни потреби, се со цел да има транспарентност, да има дебата, да има соочување на аргументите и да донесуваме одлуки кои ќе бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија и во интерес на развојот на регионите.

Ако еден од аргументите беше, при амандманот за утврдувањето на регионите, статистички, дека Владата треба да ги менува и дека не може да се погреши, бидејки имаме евроспки критериуми кои се пропишани во делот на утврдувањето на статистичките региони, Владата ќе мора нив да ги почитува и т.н.

Во делот на донесувањето на одлука на листата за подрачја со специфични развојни потреби, нема таков аргумент, а поинакви не слушнавме во Собранието на Република Македонија, од страна на министерот. Единствен и исклучив аргумент е политичката волја на парламентарното мнозинство и на Владата која во дадениот момент ќе донесува листи за вакви подрачја, за развој на одредени региони и т.н. Тука се покажува волјата на Владата дека не сака транспарентност во ваква постапка, не сака избраниците на народот да разговараат и со аргументи, да даваат предлози во креирањето на ваквата листа, се со цел да обезбедиме она што и граѓаните го очекуваат од нас. Меѓутоа, и ние пратениците, до колку не го прифатиме овој амандман, навистина учествуваме во нешто што се нарекува рушење на сопствениот углед и дигнитет и понатаму нема што да очекуваме, освен да продолжиме да бидеме сервис на Владата, како што впрочем што го покажавме и многу пати досега, исклучиво врз таков принцип на работа во Собранието на Република Македонија, а со тоа ќе запловиме во едни погрешни води.

Мислам дека намерата на Владата, а до колку парламентарното мнозинство, ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, НСДП, не го прифатат овој амандман, значи дека ја промовираат оваа политика на Владата, исклучиво врз основа на политичките калкулации кои ги прават во Република Македонија, да бидат утврдувани вакви листи и на таков начин да обезбедат дирекни инструменти кои мислат дека ќе им помогнат за локалните избори, што впрочем тоа на терен се чувствува, посебно за одредени градови и региони кои се многу значајни за ВМРО-ДПМНЕ, во кои ќе се обиде можеби за прв пат да однесе победа на претстојните локални избори и т.н. Меѓутоа, тоа е политика на краток рок, политика која граѓаните на Република Македонија ја препознаваат, политика која нема да ја одобрат, без разлика што парламентарното мнозинство, со нерпифаќање на вакви конструктивни амандмани за подобрување на овој закон, мислат дека ќе придонесат за остварување на нивните желби и интереси и на сопствените политички цели. Мислам дека еднаш за секогаш треба да прекинеме со една ваква пракса на работа во Собранието, со комплетно сопствено деградирање во однос на Владата и да покажеме дека Парламентот ќе служи исклучиво како институција која ќе биде контрола на извршната власт, а не механизам и инструмент за спроведување на владини политики кои се од краток рок и нема да бидат применливи и ќе имаат лоши импликации врз развојот во Република Македонија и стандардот на граѓаните. Затоа ги повикувам пратениците од власта, од ВМРО-ДПМНЕ, од ДПА, од НСДП, да го подржиме овој амандман и да ја подобриме содржината на законот и неговата применливост, што во пракса ќе покаже дека пратениците на СДСМ биле во право. До колку тоа не се стори, заедно со Владата ќе учествувате, господа пратеници, во она што значи нептранспарентност на постапката и рушење на некои основни принципи кои треба да ги воспоставиме во Република Македонија, а посебно како земја кандидат за членство во Европската унија. Тоа и оние кои не набљудуваат, го очекуваат од нас.

**Иван Анастасовски:** Благодара.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам. Потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас ќе го изразам моето незадоволствоне само околу овој амандман туку и други амандмани кои ги поднесовме а не се прифаќаат од владеачкото мнозинство, од причини што со овие амандмани бараме да се намалат ингеренциите на Владата или на одредени министри во Владата.

Ние до сега донесовме многу закони, но како што оди работата сите закони што ги имаме донесено и подзаконски акти, на некој начин го намалуваат влијанието на нас пратениците односно Собранието на Република Македонија, а се поголеми ингеренции добиваат министрите од Министерство за образование, од МВР, Министерството за правда и т.н.

Моето јавување е со цел да укажам, бидејки како што тргнала работата, ова Собрание еден ден можеби ќе нема потреба да се собере од причини што можеби ќе дојдат закони со кои не мора да ги овластуваме и да даваме одредени ингеренции на министрите од одредени министерства. Можеби ќе донесуваме закони кои директно ќе ги даваме на премиерот. Значи голем број на закони што ги донесуваме со нив се зголемуваат ингеренциите на министрите, а се намалуваат ингеренциите како на пратениците, така и на локалната самоуправа. Токму моето јавување е затоа, бидејки овие амандмани кои ги поминуваме, интервенциите на опозицијата се да се намалат ингеренциите на Владата односно на министрите од одредени минситерства, затоа што сега сте вие мнозинство, ние опозиција, но ќе дојде ден кога ние ќе бидеме парламентарно мнозинство вие можеби ќе бидете опозиција и тогаш овие закони, овие ингеренции што им ги даваме на минситрите, секако ќе бидат во негативна смисла како за вас така и за нас.

На крајот неколку збора за овој амандман. Имено, неслучајно ние го поднесовме овој амандман кој се однесува за утврдување на специфичните развојни потреби кои со член 7 став 2 се под ингеренција на Владата, а ние бараме со овој амандман на предлог на Собранието на Република Македонија да се донесува листа за подрачја со специфични развојни потреби однсоно да расправаме на предлог на Владата.

**Иван Анастасовски:** Благодара.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми на почетокот една дигресија. Се надевам дека нема бесконечно да го одлагате Извршниот одбор, за да седите на ова столче.

**Иван Анастасовски:** Гледај си ја својата работ аи уживај, не се секирај за мене.

За амандманот требаше да зборувате, да не заборавите.

**Славица Грковска:** Бидејки се однесува на Собранието на Република Македонија, а вие сте еден од потпретседателите, или оној што треба да биде заслужен за зачувување на угледот и дигнитетот на Собранието на Република Македонија и позицијата на институцијата Собрание на Република Македонија, во државата, важно е кој седи на вашето столче, дали вие или некој друг, се разбира, особено ако проценките се дека не можете да си ја исполните функцијата, како што самите велите, од оние кои ги избрале и го очекуваат од вас.

**Иван Анастасовски:** Со новиот Деловник вие можеби ќе седнете овде на мое место.

Повелете.

**Славица Грковска:** Јас се прашувам, имајќи предвид дека министерот за локална самоуправа не почувствува никаква потреба да даде дополнително образложение зошто не го прифаќа овој амандман, се прашувам дали ќе се најде некој храбар од парламентарното мнозинство да објасни зошто парламентарното мнозинство нема да го подржи овој амандман, имајки го предвид искуството дека парламентарното мнозинство без размислување, априори гласа против амандманите кои Владата не ги прифаќа. Јас навистина би била среќна ако се најде барем еден таков за да видиме зошто пратениците од парламентарното мнозинство сметаат дека Собранието не е тоа што треба да ја носи листата на подрачја со специфични развојни потреби, да ги вкрстиме аргумените и да ни укажат зошто ќе гласаат против овој амандман и зошто сметаат дека не се во право, зошто сметаат дека овој амандман не е добар.

Она решение што ни е понудено во втората фаза од овој закон е дека Владата на Република Македонија треба да ја донесува листата на подрачја со специфични развојни потреби и тука завршува ставот.

Во првата фаза овој став имаше продолжение што велеше дека ваквата листа ќе ја утврдува Владата, меѓутоа на предлог на министерот за локална самоуправа. Значи Владата не само што ги зема ингеренциите на Собранието на Република Македонија, туку ги зема ингеренциите и на Министерството. Јас се прашувам врз основа на кој предлог, кој ќе го достави предлогот на Владата за Владата да може да одлучи која ќе биде листата на подрачјата со специфични развојни потреби. Ако го имаме предвид членот 7 кој ги дефинира основните критериуми за определување на подрачјата со специфични развојни потреби и дека поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата ги пропишува Владата на Република Македонија, значи ставени сме во ситуација Владата да пропишува критериуми, Владата да определува кои ќе бидат подрачјата и Владата да ја носи одлуката за листата на подрачја со специфични развојни потреби. Значи со вакви решенија ние во суштина прифаќаме, во зависност од тоа која влада е актуелна во Република Македонија, таа влада да ги менува подрачјата или листата на подрачја со специфични развојни потреби, во зависност од нејзините интереси. Тука е во право господинот Герамитчиоски и сите останати колеги пратеници кои се обидуваат да ги убедат пратениците на парламентарното мнозинство и министерот дека ова отвара простор за партизација, отвара простор листата на подрачја на специфични развојни потреби да биде прашање на коалиционен договор помеѓу владините партнери и наместо основните критериуми да бидат степенот на економска развиеност, географска положба и т.н., критериумот да биде партискиот интерес на коалиционите партнери во Владата. Тоа не го зборувам заради тоа што моментално на власт е оваа владеачка гарнитура, зборувам за опасност која постои, без разлика на тоа кои партии партиципираат во Владата на Република Македонија, уште повеќе што бевме сведоци пред неколку дена дека министерот за финансии на прес-конференција изјави дека треба да се менуваат индикаторите кои го определуваат економскиот раст во Република Македонија затоа што овие моментални индикатори не и одговараат на Владата затоа што не покажува дека има некаков економски раст и практично покажува неспособност во владеењето на оваа владеачка гарнитура. Значи доколку веќе е покажана таква интенција од страна на министерот за финансии, да ги менува индикаторите во статистика, во статистичките податоци само со цел по секоја цена да се покаже дека има било каков економски развој визави реалните индикатори кои сега покажуваат нешто сосема поинакво, ова решение исто така покажува дека Владата не се откажува од можноста да контролира и да моделира се што би можело да стави под нејзина капа, па дури и листата на подрачја со специфични развојни потреби. Таков е обидот и со Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија и т.н., да не набројувам. Очигледна е тенденцијата на Владата на Република Македонија да стави под своја капа се што е можно, па дури и ингеренциите на Собранието и тоа само со закон. Затоа сметам дека пратениците на парламентарното мнозинство кои се заинтересирани за овој исклучително важен закон, треба сериозно да размислат како ќе гласаат за овој амандман заради тоа што сметам дека тоа е последен обид Собранието на Република Македонија да си ја зачува позицијата која му припаѓа и Собранието на Република Македонија да може да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Владата на Република Македонија, така како што е институционалниот ред, ако сакате, а се надевам дека и уште еднаш ќе повикам да се најде еден барем храбар од парламентарното мнозинство, ако не е тоа министерот, кога веќе тоа министерот не го

направи, да каже зошто ќе гласа против овој амандман и зошто сметаат дека ваквото решение не е добро. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Денес поминавме три амандмани, вклучувајќи го и овој на членот 6, став 4, каде што бараме Собранието, наместо Владата да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби. Кај сите амандмани главно беше тоа што Владата се става над Собранието и Владата ги превзема ингеренциите на Собранието, а ние бараме тоа да не биде така, односно согласно уставните начела, согласно принципите на контрола на власта, согласно пронципите на поделба на власта, тоа да му припадне на Собранието. Меѓутоа, оваа власт сака се да приграби за себе, целокупната моќ, целокупното политичко и партиско влијание преку вметнување на вакви одредби во законот, да го концентрира исклучиво за себе и преку тоа да ја креира својата политика и на локално ниво односно преку одредбите на овој закон за регионален развој.

Навистина не ми е јасно ако Владата го сака ова право за себе, тогаш кој ќе ја врши контролата над нејзиното работење. Кој ќе биде коректив во нејзината работа. Дали самата на себе. Чисто се сомневаме. Затоа во нашиот политички систем е направена таква поделба и независност и хиерархиска поврзаност односно подреденост и надреденост на одредени функции кои припаѓаат на различните власти, во случајот законодавна и извршна. Никој не и го оспорува правото на Владата, тоа впрочем го наведуваме и во нашиот амандман дека Собранието ќе ја донесува оваа листа на специфични развојни подрачја на предлог на Владата. Значи, би имале многу пореален, многу пообјективен, избалансиран пристап во донесувањето на вакви конкретни решенија од значење за регионалниот развој. Меѓутоа, за Владата ова не важи, Владата единствено сака да си ги протурка своите намери неводејќи сметка за тоа што го крши Уставот и го става Собранието во подредена положба.

Така и за овој амандман така и за претходните три, иако за ова законско решение бараме амандмански да се измени, како и за претходните три члена од овој закон испаѓа дека законот уште не донесен, но како што тргнала Владата со аргументите на молкот во Собранието, бидејќи не се спротиставува на дискусиите на опозицијата, значи најавуваме од сега дека одредени одредби на овој закон одсега се зрели за на Уставен суд. Затоа навистина не знам зошто односно барам министерот, бидејќи пратениците од владеачкото мнозинство не се вклучуваат во дебата со опозицијата, во Собранието по оваа точка на дневен ред ние имаме само една страна. Само пратениците од СДСМ говорат денеска. Не знам дали некој тоа го забележува. Министерот должи посериозен и посодржаен одговор отколку фразата дека амандманот не се прифаќа. Многу сакам министерот да ми каже зошто токму Владата треба да одлучува за специфичните развојни подрачја. Еве, зошто место Собранието тоа треба Владата да го направи. Нека отворат уста од Владата, нека кажат, да ги соочиме аргументите. Вака навистина е безпредметно, нема дебата, нема соочување, нема транспарентност, нема одговор, нема аргументи, наме ништо.

Предходно говореа другите пратеници и после сите говори не успеа никој од пратениците, пред се, мислам на министерот како предлагач барем малку да му проработи совеста и да се вклучи во оваа дебата, затоа што инаку можеме ние сами да си говориме пред јавноста. Нема потреба да го задржуваме министерот овде да седи. Затоа е платен од даночните обврзници, што би рекол еден наш колега од пратеничката група на СДСМ.

Значи, ако повеќето од пратениците од СДСМ конкретно за оваа тема не сме толку упатени, не сме толку стручни за оваа област, ако министерот, претставник на ВМРО-ДПМНЕ не само што е ресорен министер кој треба по дефиниција да биде упатен и постручен од нас, туку и како политичка фигура да се вклучи во оваа дебата. Јас не знам зошто не ја искористи неговата предност пред се како постручен од нас и да не разубеди односно да ни го докаже спротивното. Вака испаѓа дека Владата не сака да се соочи со опозицијата, меѓутоа, ние нашето ѓе го кажеме без разлика на тоа зошто Владата молчи.

Во спротивно, јас и на почетокот кажав, главните забелешки, тоа е многу симптоматично, за многу амандмани со кои предлагаме измени на овој закон се тоа што за решенијата што Владата си ги присвојува како свои, дури не остава простор ни за консултација за локалната самоуправа, со претставниците на ЗЕЛС. Значи, Владата е семожна, Владата знае се, Владата е за се. Има една изрека, сум ја кажал неколку пати, за однесувањето на Владата према ова Собрание дека “државата тоа сум јас” како што рекол Луј 14, меѓутоа таа изрека може да се видоизмени “државата тоа е Владата” и нема потреба да постои Парламент. Со декрет на седница на Влада, таму сите се согласуваат, нема многу спротивставение аргументи кој да се спротистави на премиерот и тоа ќе се аминува во Собранието. Не се плашете од дебата со опозицијата. Навистина како што кажаа и претходните колеги сакаме да донесеме закон кој ќе содржи пообјективни одредби кои нема да бидаст подлежни на евентуални злоупотреби без разлика на тоа кој е на власт, која политичка Влада ќе го применува законот, бидејќи по Уставот Владата е надлежна да се грижи за примената на законите и другите прописи. Законите и прописите ги донесува Собранието. Во овој закон се е обратно. Владата е таа што одлучува за се. Јас реков пред малку, можеби нема да ни треба Собрание сега како што е напишано во законот и воопшто нема да ни треба ни закон. Може слободно да стојат, наместо да се мачи министерот овде да не слуша

со еден член во законот да пишува дека за рамномерен регионален развој, за се е надлежна Владата и за се одлучува Владата. Сега зошто ние дискутираме. За еден член амандман, амандман за друг член и секаде Владата одлучува за едно, Владата одлучува за друго. Има ли некој да и се спротистави на Владата да и застане на пат. Јас не знам што е ова си молчи министерот, ајде да видиме до каде ќе стигнеме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лилјана Поповкса, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани министре, почитувани колеги пратеници.

Не треба храброст за да се одговори на предлогот на опозицијата и да се одбие предлогот на опозицијата за овој амандман. Треба само рационален пристап за да се стори тоа, затоа што сосема е јасно дека регионите треба да ги определува Владата, затоа што се работи за стручно-технички критериум, кој што може да се разгледува на стручно ниво преку владини служби. Кога тоа би се правело во Собранието со 120 пратеници и сите политички партии присутни тука јасно  е дека тука веќе не би влијаеле стручно техничките критериуми, туку чисто политичките критериуми и Собранието би се претворило во арена на бескрајни политички уценувања. Имајќи го предвид значењето на законот за регионален развој, за региони и значењето во една ситуација во која што се наоѓа Македонија сосема е јасно колку штетно влијание би можело да има расправа за определување на регионите во Собранието. Тогаш би се избегало од сите стручни критериуми и би влегле во бескрајни игри на политички уцени.

Мене само ме чуди почитувни колеги од опозицијата, многу ме чуди, затоа што најголем дел од вас се политички искусни  луѓе и дозволете ми една забелешка.

Сметам дека ниедна вешта политичка игра не вреди ако се игра на сметка на државниот интерес.

Благодарам, ова беше и бидејќи беше во рамките на овие минути нека се третира и како реплика, благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Овде завршуваме за денеска, а продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)